САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ООУ „КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ“ - ТОПОЛЧАНИ, ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОД ОД 2024 ДО 2026 ГОДИНА



Август, 2026

e-mail: krumevolnaroski@yahoo.com

Врз основа на Законот за основното образование и измените и дополнувањата на Законот за основно образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26 год.) ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од две учебни години 2024/25 и 2025/26 година. Самоевалуација се спрводеде во период од месец февруари до месец август 2026 година. Изготвувањето на Самоевалуацијата на училиштето, освен на Законот за основно образование, се базира врз основа и на индикаторите за квалитет на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ како и користени други документи кои можат да помогнат и да бидат извор на податоци за самиот процес. Истите се дадени во анализите на сите подрачја поединечно.

ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани во својата воспитно-образовна работа перманентно ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години, како и анализите од работата на сите органи и тела кои функционираат во него. Политиката на јавност и транспарентност е трајна определба на училиштето, а изворите на информации се познати и достапни на сите заинтересирани целни групи. Училиштето ги следи современите тенденции и практики во областа на образованието со цел унапредување на целокупниот воспитно - образовен процес. Преку планирање на активности придонесува за развивање родов сензибилитет и мултикултурен развој кај учениците и активно учествува во градењето на инклузивното образование.

Тим за спроведување на самоевалуацијата

Училишиот одбор, по предлог на директорот број 02-24/1 од 02.02.2026 год, донесе одлука за формирање на училишна комисија, со деловоден број 02-33/4 од 24.02.2026 год., која изготвува извештај за спроведена самоевалуација за период на две учебни години 2024/25 и 2025/26 год.

Комисијата за спроведување на самоевалуацијата на училиштето за периодот од 2024 до 2026 год. ја сочинуваат:

1.Јасмина Карапиколова - социолог
2.Анета Тренкоска - раководител на ППУ с.Старо Лагово
3.Елизабета Кочоска - наставник / одделенска настава
4.Јордан Чавлески - наставник / предметна настава
5.Маја Јандреска - претседател на совет на родители
6.Дејан Бунтески - директор


Самоевалуација на училиштето	
Училиште	ООУ Круме Волнароски
Адреса	ул. Маршал Тито бр.6 - Тополчани, Прилеп
Телефон, е-пошта	048 480103 / 075 249440; krumevolnaroski@yahoo.com
Период на подготовка на СЕУ	февруари - август 2026 г.
Број на ученици во училиштето	102
Број на подрачни училишта	8
Училишен директор	
Име и презиме	Дејан Бунтески
Потпис	
Датум	31.08.2026
Одобрување од УО	
Име и презиме	Игор Мицкоски
Потпис	
Датум	31.08.2026

- Формирање на тим за самоевалуација

1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ	2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ
Координатор на тимот: 1.Билјана Костоска - наставник / одд.настава	Координатор на тимот: 1.Елизабета Кочоска - наставник / одд.настава
2.Гордана Мирческа - наставник / одд.настава 3.Зоран Маџоски - наставник / одд.настава 4.Христина Мојаноска - наставник / хемија и ПН 5.Давор Конески - наставник / географија 6.Јасмина Узуноска - наставник / англиски јазик 7.Илин Ѓорѓиевски - наставник / ФЗО	2.Цветанка Кузманоска Рипилоска - наставник / англиски јазик 3.Билјана Талевска Беличанец - наставник / биологија и ПН 4.Марија Јанкулоска - наставник / одд.настава 5.Стефанија Сучкоска Бошкоски - наставник / математ. и физика 6.Зуграфка Николова Салатоска - наставник / одд. настава 7.Наташа Велкоска Амбарџиева - наставник / одд. настава
3. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО	**4. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА**
Координатор на тимот: 1. Бобан Богданоски - наставник / ФЗО	Координатор на тимот: 1.Марта Шукуроска - наставник / германски јазик
2.Тања Георгиеска - наставник / одд.настава 3.Димитар Коруноски - наставник / историја 4.Драги Драгутиноски наставник / одд.настава 5.Горан Дукоски - наставник / музичко образование 6.Катарина Бошкоска - наставник / матемт. и физика 7.Емилија Јовановска - наставник / македонски јазик	2.Филип Ристески - наставник / македонски јазик 3.Валентина Костоска - наставник / одд.настава 4.Каролина Подигачоска - наставник / одд.настава 5.Татјана Зајкоска - наставник / англиски јазик 6.Давид Атанасоски - наставник / ликовно образование 7.Јелена Мирческа - наставник / ФЗО
КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА	
1.Јасмина Карániколова - социолог 2.Анета Тренкоска - раководител на ППУ с.Старо Лагово 3.Елизабета Кочоска - наставник / одделенска настава 4.Јордан Чавлески - наставник / предметна настава 5.Маја Јандреска - Претседател на совет на родители 6.Дејан Бунтески - директор	

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Индикатори за квалитет	Т е м и:
1.1. Планирање на наставниците	• Поддршка и следење на планирањата на наставниците; • Размена на искуства и на информации при планирањето.
1.2. Наставен процес	• Реализација на наставни планови и програми; • Избор на наставни предмети; • Избор на задачи, активности и на ресурси; • Интеракција меѓу наставниците и учениците, како и учениците меѓусебно; • Реализација на образовна инклузија; • Активности за меѓуетничка интеграција во образованието.
1.3. Искуства на учениците од учењето	• Средина и атмосфера за учење; • Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците.
1.4. Оценувањето како дел од наставата	• Училишна политика за оценување; • Методи, форми и инструменти на оценување; • Коефициент на континуитет на успехот на учениците; • Користење на информациите од оценувањето во наставата.
1.5. Вонаставни активности	• Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности; • Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности; • Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности; • Натпревари.

СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ		
Индикатор: 1.1. Планирања на наставниците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
-Концепција за основно образование -Водич за избор на слободни изборни предмети -Годишна програма за работа на училиштето; -Планирања на наставниците; -Списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; -Записници и списоци од состаноци на стручни активи; -Интервјуа со директорот и стручните соработници; -Извештаи од стручни соработници за следени планирања. -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели	**Поддршка и следење на планирањата на наставниците**	Во ООУ Круме Волнароски - Тополчани подршката на наставниците и стручните соработници, е навремено и редовно која се обезбедува од менаџерскиот тим и тоа преку обуки (интерни и екстерни). Наставниците и стручните соработници ги применуваат современите методи и техники низ планирањата и реализацијата на наставата согласно Концепцијата за деветгодишно образование. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници низ стручните активи.Од интервјуто со фокус – група на наставници училиштето избира да ги спроведе оние обуки за кои им се потребни за реализација на современа настава и кариерен развој. Од страна на стручните соработници и директорот, најмалку два пати во едно полугодие, се следат планирањата на наставниците според утврдени процедури. Во контекст на тоа наставниците искажаа ставови дека секогаш при планирањето добиваат стручна помош и поддршка за нивно подобрување, како и конструктивна повратна информација. 

		На исказот: „Добивам поддршка од директорот и стручната служба при изготвувањето на планирањето за мојот наставен предмет/предмети“, 76% од испитаниците се изјасниле дека целосно се согласуваат и 24% дека се согласуваат. Наставниците кои реализираат изборни предмети, имаат подршка од стручните соработници и раководителот на ППУ во однос на планирањето и реализацијата, како и при следењето на квалитетот на наставата во тековата учебна година. Планирањата на наставниците се стручни и професионални што е пред се користење стручна литература размената на искуства од регионална соработка со други училишта и сл.
	Размена на искуства и на информации при планирањето	Наставниците при планирањето соработуваат и разменуваат искуства, информации за новите наставни содржини и новите поставени цели, кој позитивно влијае врз личниот и општествениот развој на сите ученици без разлика на родовата, социјалната и етничката припадност со ставање акцент на: - јакнење на самодовербата; - секојдневна соработка; - меѓусебно договарање; - разрешување на конфликтите на најсоодветен начин. Наставниот план и наставните програми училиштето ги реализира според Календарот за работа за тековната учебна година (доставен од МОН), според и на почетокот од учебната година се планира распоред за работа и наставни часови. Секако дека при планирањето, на ниво на стручните активи, наставниците разменуваат искуства за примена на современи методи и техники за планирање на наставата.

		1.4. Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието  Спред исказот: „Во рамките на стручните активи разменуваме искуства за планирањето на часовите најмалку два пати во полугодие“ 60% од испитаниците целосно се согласуваат и 32% се согласуваат, а 8% не се согласуваат. Реализацијата на наставата се реализира во пропишаниот обем-предпладне. Во случаи на отсуства на наставник, наставата се одвива непречено сегош има навремена замена. Имено, директорот на училиштето обезбедува соодветна замена со соодветен наставен кадар. Стручните соработници пред почетокот на наставната година врши следење, на квалитетот на годишните планирања на наставниците, ги дополнува и онаму каде што е потребно и дава насоки како истите да се подобрат. Училишниот администратор, стручните соработници и одделенските раководители го следат внесот на податоци во електронските дневници и алармираат кај колегите кои заостануваат со пишувањето. Од записниците на одделенските совети и родителските средби се утврдува континуирана грижа за учениците, реализација на Наставниот план и Наставните програми, како и соработката со родителите и локалната средина...

СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ		
Индикатор: **1.2. Наставен процес**		
Извори на податоци	Тема по индикатори	**Информации кои се собрани**
-Наставен план -Настивни програми -Годишна програма за работа на училиштето; -Распоред на часови; -Е-дневник; -Педагошка евиденција и документација; -Списоци и извештаи од реализирани обуки; -Записници од состаноци на стручни активи; -Дискусии во форкус групи со ученици, наставници и родители/старатели; -Интервјуа со директорот и стручните соработници; -Извештаи од посети на наставни часови; -Решенија за инклузивен тим на училиштето; -Изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; -Записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;	Реализација на наставни планови и програми	Наставниот план и наставните програми се реализацираат во пропишаниот обем, со карактеристика на современа настава, во согласност со насоките од МОН и БРО. Годишните планирања наставниците, во целост, ги изработуваат според дадените насоки на национално ниво. Новата образовна концепција, овозможи наставните програми да се оплеменат и збогатат со националните стандарди, каде знаењата, ставовите и вештините учниците ги стекнуваат низ осум подрачја и се овозможува квалитетни промени и развивање на интегрирано образование за сите деца . Во рамките на наставните програми се интегрирани и содржини со примена на ИКТ, МИО и содржини од интеркултурна компонента и зајакнување на родовата сензибилност. Изборот на учебниците како и пропратната литература наставниците ја прават самостојно водејќи се според наставните планови од БРО каде успешно и квалитетно ќе ги реализираат содржините, но најчесто мора да се придржуваат до оној учебник кој веќе бил во употреба во училиштето од претходните години. Секој наставник наставата ја изведува според одобрената програма. Наставниот план и наставните програми на наставниците им се достапни, редовно ги користат како насока при планирањето во секојднавното работење и истовремено ги оплеменуваат со новитети кои се добиваат на формалните интегрирани обуки.

-Извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ), извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција, вклучително и заеднички наставни часови; -Материјали од постапката за определување изборни / слободни изборни предмети и активности; е-дневник -Планирања за изборни предмети; -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели		
	Избор на наставни предмети	Изборот на наставните предмети е во согласност со наставниот план и наставните програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето кои се креирани според интересите на учениците. Во нашето училиште, согласно наставниот план и наставните програми, секогаш во месец мај се врши избор на изборни предмети. Наведените изборни предмети се утврдени врз основа на лична определба на учениците, во согласност на нивните родители. Определбата е направена според предходно спроведена анкета. При реализација на наставата се применуваат разновидни современи наставни методи и техники.Во училиштето се реализираат следните изборни предмети: Во првиот образовен период (I-III) слободните изборни предмети се реализираат во форма на слободни активнотикои ги води кои ги води одд.наставник и тоа низ следниве категории: -Подршка на личниот и социјалниот развој на учениците -Проширување и продлабочување на знаењата преку проектни активности и -развивање на на основни ИКТ.


		➢ **<u>Во одделенска настава (според новата концепција) во учебната 2025/2026 година се:</u>** - Ликовно образование - IV одд. (прво полугодие);Цртање сликање/вајарство - категорија за подршка на личниот и социјалниот развој; - Моделарство, креативни идеи - Направи сам. (второ полугодие) – категорија за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од настаните предмети; - Образование за животни вештини - V одд. (прво полугодие) - поддршка на личниот и социјален развој на учениците; - Фигури од хартија (оригами) - V одд. (второ полугодие) - подршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети. ➢ **<u>Во предметна настава од VI до VIII одделение</u>** - Заштита на животната средина - VI одд. (прво полугодие) проширување продлабочување на знаењата од природни науки; - Разрешување на конфликти - VI одд. (второ полугодие) - категорија за подршка на личниот и социјалниот развој; - Извидништво - VII одд. (прво полугодие) – категорија за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од настаните предмети; - Учам за моето здравје - VII одд. (второ полугодие) - категорија за подршка на личниот и социјалниот развој; - Финансиско образование - VIII одд. (прво полугодие) - категорија за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците; - Иновации и предприемништво - VIII одд. (второ полугодие) - категорија за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети;

		-Проекти од ликовната уметност - IX одд.; -Избор на редовен втор странски јазик - германски јазик. Училиштето нуди изборни предмети кои можат да ги изберат учениците според нивните интереси. И родителите и учениците се изјасниле дека се запознаени со листата за изборни / слободни предмети и активности и дека изборот е направен според интересите на учениците. Доказ за тоа се резултатите од спроведената анкета кај учениците, во која истите позитивно се изјаснуваат и сметаат дека постапката за избор на наставни предмети се применува со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. 1.2. Запознаен/а сум со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности Целосно се согласувам 17 Се согласувам 8 Не се согласувам 0 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 0 32% 68% На исказот: „Запознаен сум со листата на изборни/ слободни изборни предмети и активности“ целосно се согласуваат 68% од испитаниците и 32% се согласуваат.
	Избор на задачи, активности и ресурси	Задачите и активностите наставниците, во одделенска, и во предметна настава, ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, истражување, примена на дигитални алатки и програми и т.н. Ресурсите со кои располага училиштето се употребуваат на функционален начин и нудат современи приоди во наставата.

За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Наставниците кои им предваат на учениците со ПОП имаат изговено индивидуални образовни планови. Ученикот со ПОП, кој има МКФ, го посетува помошниот ресурсен центар ООУ „Климент Охридски“ - Прилеп, а специјалниот рехабилитатор соработува со наставниците и стручната служба во нашето училиште.

1.6. Во наставата користам различни ресурси за учење и настава


Целосно се согласувам	18
Се согласувам	7
Не се согласувам	0
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	0




Во исказот: „Во наставата користам различни ресурси за учење и настава“ наставниот кадар позитивно се изјаснил и тоа: 72% од испитаниците целосно се согласуваат и 28% се согласуваат. Исто така, во исказот: „Моето дете може слободно да се изрази на часовите“, 11 родители или 44% целосно се согласуваат, 13 или 52% се согласуваат и 1 или 4% родител не се согласува.

1.5. Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите

Целосно се согласувам	11
Се согласувам	13
Не се согласувам	1
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	0



	Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно	Наставниците во нашето училиште се однесуваат кон учениците и меѓу себе со почитување, соработка и разбирање, промовирајќи демократска култура, Сите наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови. Наставните часови се оплеменети со интеракција меѓу наставникот и учениците која преку различни методи, техники и форми води кон постигнување на целите на часот. 1.1. На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) Целосно се согласувам 15 Се согласувам 10 Не се согласувам 0 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 0  Со исказот: „На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, игри, истражување и сл.)“, 15 испитаници - ученици или 60% целосно се согласуваат и 10 ученици или 40% се согласуваат. Исто така учениците се изјасниле дека во најголем број од часовите, сите се активно вклучени во наставата т.е. поставуваат прашања, дискутираат... Во прашалникот за наставници, истите се изјаснија дека учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив. Во разговорот со фокус-групи наставниците истакнале дека имаат потреба за обуки во кои ќе научат игровни активности, мултимедија и едукативни компјутерски игри кои ќе ја подобрат интеракцијата. Учениците сметаат дека часот се одвива во пријатна атмосфера, но потребно е да се применуваат поразлични методи и техники на работа.

	Реализација на образовна инклузија	Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение / Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Во нашето училиште има два ученика со ПОП. Едниот ученик учи во VIII одд. и е со МКФ, додека другиот ученик е запишан во прво одделение и е со МКФ и потребна е работа по модифицирана програма. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП, но е потребна едукација за работа по модифизирана програма. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Во изминатиот период, ученикот со ПОП два пати во неделата го посетува помошниот ресурсен центар во ООУ Климент Охридски - Прилеп. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности соглсно со нивните интереси. Особено значајно е да се нагласи дека наставниците - почетници, имаат послаби сознанија за работа со ученици со ПОП, па поради тоа имаат потреба од дополнителна помош или обука.


	Активности за меѓуетничка интеграција во образованието	ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува годишни извештаи. Секој наставник, од одделенска и предметна настава во своите планирања има изработено активности за меѓуетничка интеграција, како самостојни активности така и заеднички часови со партнер училиштето ООУ Кирил и Методиј - Канатларци. Заедничките активности со партнер училиштето, по наставните предмети македонски и турски јазик се реализираа online, а заедничка цел им беше промовирање на културните енитети. Активностите по наставниот предмет ФЗО се реализираа со физичко присуство и тоа за време на Денот на училиштето (и на двете училишта), како и при други значајни културни случувања. ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН. Со реализацијата на заедничките и самостојните работилници во училиштето според проектот за меѓуетничка интеграција се зајакнаа интеркултурните компетенции кај учениците од второ до девето одделение. Тоа се одвиваше низ редовната настава преку ОЖВ и воннаставните активност низ подрачјата за мултикултурно учење и тоа: - промовирање на мултикултурализам; - промовирање на човекови права, демократија, социјална праведност и еднквост; - намалување на стереотипи, предрасуди и дискриминација - решавање на конфликти. Наставниците-почетници имаат потреба од помош / обука за реализација на самостојни и заеднички активности.

Според добиените резултати од анкетните прашалници:

-Од родителите, 36% целосно се согласуваат дека нивното дете било вклучено во активности со ученици кои учат на различни јазици, 28% се согласуваат, 16% не се согласуваат, а 20% од испитанците се изјасниле со „Не знам/немам информација“.

1.7. Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици


Целосно се согласувам	9
Се согласувам	7
Не се согласувам	4
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	5



-Од учениците, од вкупно 25, 2 испитаника-8% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат дека биле вклучени во активности со ученици од различни култури, 6 ученика - 24% не се согласуваат, 3 ученика - 12% целосно не се согласуваат и 3 ученика - 12% се изјасниле со „Не знам/немам информација.

. 1.20. Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште)


Целосно се согласувам	2
Се согласувам	11
Не се согласувам	6
Целосно не се согласувам	3
Не знам/немам информација	3



Собирање на податоци		
Индикатор: 1.3. Искуства на учениците од учењето		
Извори на податоци	**Тема по индикатори**	**Информации кои се собрани**
-Разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници; -Разговор со стручна служба; -Увид во ученичките досиеја; -Увид во евиденцијата на стручните соработници. -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели	Средина и атмосфера за учење	Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи, на најголем број од часовите, е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците редовно ги мотивираат учениците. . 1.15. Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати  На исказот: „Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати“ 92% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат, а 8% од испитаниците се согласуваат.

7. 1.6. На моето дете повеќето часови му се интересни


Целосно се согласувам	9
Се согласувам	16
Не се согласувам	0
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	0



На исказот: „На моето дете повеќето часови му се интересни“ 36% од родителите се изјасниле дека целосно се согласуваат и 64% се согласуваат.

. 1.15. Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците

Целосно се согласувам	20
Се согласувам	4
Не се согласувам	1
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	0



Додека пак учениците, на исказот: „Ако не знам нешто на часовите можам слободно да ги прашам наставниците“ - 80% од нив целосно се согласуваат, 16% се согласуваат и 4% не се согласуваат, што укажува дека во училиштето владее позитивна средина за учење.

	Идентифику-вање и задоволува-ње на различните образовни потреби на учениците	Во нашето училиште, воспитно - образовниот кадар системски и континуирано ги идентификува индивидуалните образовни потреби на учениците, користејќи различни стратегии и приоди за нивно задоволување. При идентификување на различните образовни потреби наставниците и стручните соработници, користат различни инструменти за учениците кои имаат тешкотии во учењето, емоционални потешкотии и изградуваат индивидуален пристап кон нив со цел да се подобрат нивните знаења во наставата, со континуирано следење во текот на една учебна година. За оние ученици кои се истакнуваат со своите постигнувања по одредени наставни предмети се реализира додатна настава. Во училиштето има двајца ученици со ПОП, а исто така, присутни се и категории на ученици со неповолни социо-економски фактори во семејството. Во процесот на учење наставниците преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето со давање дополнителна помош. Наставници, во соработка со стручните соработници, го акцентираат процесот на поучување користејќи различни интерактивни техники, со различни способности и стилови на учење со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Од друга страна се реализираат и активности за помош и донации. Наставниците со својата креативност ја користат компјутерската технологија со што внесуваат ефективни иновации во работата и ја следат работата на секој ученик. Со исказот: „Задачите и активностите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците“ - 68% од наставниците целосно се согласуваат, а 32% се согласуваат. Исто така, сите 25 испитаника (наставници) се изјасниле со „Целосно се согласувам“ или со „Се согласувам“ дека во

текот на наставата учениците можат да бираат дополнителни задачи / активности по свој избор.

1.5. Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на ученици
е




. 1.12. Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активнос
ти по свој избор



Родителите пак, на исказот: „Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите за ИОП на моето дете“, - 52% од нив целосно се согласуваат, 40% се согласуваат, а по 4% не се согласуваат или не знаат/немаат информација.

. 1.4. Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете



СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ		
Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата		
Извори на податоци	**Тема по индикатори**	**Информации кои се собрани**
-Програма за работа на училиштето; -Распоред за додатна и дополнителна настава; -Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; -Правилник за оценување и напредување на учениците; -Интерен правилник за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; -Користени инструменти за оценување; -Примери на оценети ученички трудови; -Записници од стручните активи, наставнички совет; -Инструменти за индивидуализирани начини за проверка -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели	Училишна политика за оценување	Во ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, оценувањето на учениците се реализира според дефинираната училишна политика согласно законските и подзаконските прописи. Основна цел е да се поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи го етичкиот кодекс за оценување. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои и учениците и родителите се целосно запознаени. Секој наставник во своето планирање има вградено стандарди и критериуми за оценување и истото успешно го спроведува во секојдневната практика. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Најголемиот број наставници применуваат формативно и сумативното оценување кое е јавно и транспарентно. Според долунаведениот исказ, 84% од испитаниците - наставниците целосно се согласуваат и 16% од нив се согласуваат. Тоа укажува дека учениците успешно и позитивно се насочени за постигање на добри резултати. 1.17. На учениците им кажувам што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат соп ствените очекувања Целосно се согласувам 21 Се согласувам 4 Не се согласувам 0 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 0 

1.21. Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење крите риуми и сл.).



96% од наставниците редовно ги уклучуваат учениците во оценувањето и ги користат методите на самооценување и меѓусебно оценување кај учениците.

Учениците и родителите редовно се информирани за постигнувањата на учениците. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во е – дневник и во Главна книга, кои се водат редовно и навремено.

Според исказот на фокус групата на наставници, давањето домашни задачи на учениците влијае за подобрување на успехот. Исто така, учеството на натпревари на учениците и нивните наставници – ментори ги мотивираат учениците за поголеми резултати и подобар кариерен развој.

Стручните соработници се произнесоа дека во процесот на оценување на учениците се користат предвидените методи и форми и дека тој процес се спроведува според дадени критериуми.

Прашања и одговори за интервју со директор и стручна служба:

1.Какви методи, форми и инструменти за оценување користат наставниците?

-Наставниците користат најразлични форми, методи и

инструменти за оценување на учениците како што се: формативно оценување, усна повратна информација, чек листи, скали за проценка, листи за следење, метод на истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн.

Прашања за ученици:


Според исказот: „Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет“ 48% од испитаниците – родителите, целосно се согласуваат, 48% се согласуваат, а 1 родител (4%) се изјаснил дека не знае/нема информација.

. 1.16. Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет



Со исказот: „Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена“, 72% од учениците целосно се согласуваат и 28% од нив се согласуваат.


. 1.9. Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена.



Со исказот: „Оценувањето на сите ученици е праведно“ 64% од испитаниците - учениците целосно се согласуваат, 24% се согласуваат, а 12% од нив не се согласуваат.

1.10. Оценувањето на сите ученици е праведно.


Целосно се согласувам	16
Се согласувам	6
Не се согласувам	3
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	0



Со исказот: „Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување“ 64% од учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат и 36% од нив се согласуваат.

1.11. Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување.

Целосно се согласувам	16
Се согласувам	9
Не се согласувам	0
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	0




Прашања за наставници:

Со исказот: „Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките“ - 84% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат и 16% од нив се согласуваат.

1.18. Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките


Целосно се согласувам	21
Се согласувам	4
Не се согласувам	0
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	0



Со исказот: „На учениците им давам насоки како поуспешно да учат“ - 80% од испитаниците - наставниците целосно се согласуваат и 20% од нив се согласуваат.

. 1.19. На учениците им давам насоки како поуспешно да учат


Целосно се согласувам	20
Се согласувам	5
Не се согласувам	0
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	0






Со исказот: „Применувам различни начини на оценување на учениците“ - 72% од наставниците целосно се согласуваат и 28% од нив се согласуваат.


1.20. Применувам различни начини на оценување на учениците


Целосно се согласувам	18
Се согласувам	7
Не се согласувам	0
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	0




		Со исказот: „Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми...)“ - 60% од испитаниците целосно се согласуваат, 36% се согласуваат, а 1 (4%) не се согласува. . 1.21. Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење кри риуми и сл.). Целосно се согласувам 15 Се согласувам 9 Не се согласувам 1 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 0  **Прашања за родители:** Со исказот: „Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет“ - 48% од испитаниците - родителите целосно се согласуваат, 48% се согласуваат, а 1 родител (4%) се изјаснил дека не знае/нема информација. . 1.16. Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет Целосно се согласувам 12 Се согласувам 12 Не се согласувам 0 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 1 
	Методи, форми и инструменти на оценување	Низ редовната настава, наставниците континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците користејќи разновидни методи и инструменти за оценување. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, формативно


		оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.), а тоа им овозможуваат да ги подобруваат постигањата. Со исказот: „Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка тестови, наставни ливчиња)“ - 76% од учениците целосно се согласуваат, и 20% се согласуваат, а 1 ученик (4%) се изјаснил дека не знае/нема информација. 
	Коефициент на континуитет на успехот на учениците	Коефициентот на континуитет на успехот (средниот успех) во третиот период на образование, т.е. за учениците од VII, VIII и IX одделение од трите претходни последователни години статистички е во корелација. Истото важи и за средниот успех на крај на учебните години на ниво на училиштето.
	Користење на информациите од оценувањето во наставата	Со оценувањето сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и истото им го приложуваат и на родителите. Голем акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и на идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето, а истовремено се посветува големо внимание и за подобрување на планирањата и реализацијата на наставата.


		За долунаведениот исказ 88% од испитаниците - родителите одговориле дека целосно се согласуваат и 12% од нив се согласуваат дека редовно се информирани за успехот на нивното дете. 5. 1.14. Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на го дина) Целосно се согласувам 22 Се согласувам 3 Не се согласувам 0 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 0 
Собирање на податоци		
Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари		
Извори на податоци	Тема по индикатори	Информации кои се собрани
-Годишна програма за работа; -Програми за воннаставни активности; -Извештај од реализирани екскурзии; -Педагошка евиденција и документација; -Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; -Интервјуа со директорот, и стручните соработници за воннаставни активности; -Записници од стручни активи и ученичка заедница; -Список на ученици вклучени во	Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности	ООУ Круме Волнароски - Тополчани планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Во училиштето се планираат и реализираат слободни ученички активности, и тоа: спортски клуб, спортска, литературно-рецитаторска и драмска секција. Подеднакво се застапени учениците од различен пол, во зависност од нивните интереси и психо-физичките способности. Во училиштето се реализира програма за хор. Во првиот квартал од образовниот процес со учениците од I, II и III одделение, согласно Новата концепција се реализираат слободни активности кои се дел од наставните предмети во редовната настава. **Прашања и одговори за интервју со директор и стручна служба:**

воннаставни активности; -Увид во интернет-страницата, социјалните мрежи итн.; -Акциски план за правата на детето; -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели		-1.Какви воннаставни активности се спроведуваат во училиштето? Во нашето училиште се реализираат следниве воннаставни активности: спортска секција, литературно-рецитаторска и драмска секција во кои се опфатени скоро сите ученици. Поради малиот број на ученици, исти ученици учествуваат во две, па и повеќе воннаставни активности. Преку овие активности се прошируваат и продлабочуваат знаењата и ставовите на учениците. Во училиштето учениците од предметна настава учевствуваат во организирана демократска партиципација, со што врз принципот еднаквост и правичност, истите се вклучени во носењето на важни одлуки во животот и работата на училиштето. Со исказот: „Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности“, 28% од испитаниците-родителите одговориле дека целосно се согласуваат, и 52% од нив се согласуваат, 8% не се согласуваат, а 12% се изјасниле дека не знаат/немаат информација. Учениците пак, на поставеното прашање за изборот на воннаставните активности одговориле на следниот начин: 68% целосно се согласуваат, 16% се согласуваат, 12% не се согласуваат, а 1 ученик (4%) се изјаснил дека со не знам/немам информација. 18. 1.17. Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции) Целосно се согласувам 4 Се согласувам 17 Не се согласувам 3 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 1 

		На исказот: „Планот за воннаставните активности кои ги водам го изготвувам заедно со учениците“ наставниците го дале следниот одговор: 24% целосно се согласуваат, 40% се согласуваат, 16% не се согласуваат, 16% целосно не се согласуваат и 4% не знаат/немаат информација. 1.22. Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците. Целосно се согласувам 6 Се согласувам 10 Не се согласувам 4 Целосно не се согласувам 4 Не знам/немам информација 1  Училишната заедница на ниво на паралелка и на ниво на училиште, како и Ученичкиот парлемент и дете правобранител имаат важна улога во животот и работата на училиштето. Во заедницата на паралелката. се да одлучува за прашања поврзани со учењето, престојот во училиштето, меѓусебните односи, како и за односите со возрасните во училиштето. Претседателите на заедниците на паралелките го сочинуваат Ученичкиот парламент. Со изборот на дете правобранител се нагласува улогата за грижи, заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Согласно законските одредби се избираат и ученици кои присуствуваат на седниците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Совет на родители.
	Опфатеност на учениците со воннаставните активности	Ученици се вклучени во воннаставни активности кои придонесуваат за нивниот личен и социјален развој, а истите се во согласност со интересите, способностите, мотивацијата на учениците, како и можностите и условите на училиштето. Нашето училиште ги идентификува

		образовните потреби на учениците и според тоа наставниците ги планираат и реализираат воннаставните активности во кои се вклучуваат учениците кои ја совладуваат програмата и чувствуваат потреба за проширување на своите знаења. Поради малиот број на ученици сите се вклучени барем во една воннаставна активност. Исто така, со учениците од третиот образовен период (VII, VIII и IX одд.) во рамките на воннаставните актиовности реализирани се неколку општествено-хуманитарни активности. Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на воннаставните активности кои се реализираат во текот на целата учебна година, според предвидените рамки и во согласност со можноста за реализација. Во изготвувањето на програмата учествуваат и претставници од ученичката заедница со свои предлози и идеи. Во годишната програма исто така се изготвуваат и планирања за активности од општествено корисна работа на учениците. При реализацијата на воннаставните активности се изработуваат и дневни подготовки во кои се опишани содржините и целите на активностите.
	Вклученост на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности	Учениците имаат значајна улога во подготвувањето на програмите за реализација на воннаставните активности. Преку воннаставните активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги дополнуваат своите знаења. Овие активности даваат можност учениците да се истакнат во некоја област, со што се зголемува нивното искуство и се подобрува нивната лична благосостојба. Резултатите од спроведената анкета покажуваат дека најголем дел од испитаниците позитивно се изјасниле за вклученоста на учениците при изборот и учеството во

		воннаставните активности по сопствен избор. Со исказот: „Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности“ 40% од учениците целосно се согласуваат, 52% од нив се согласуваат, 4% не се согласуваат и 4% не знаат за планирањето на воннаставните активности. 
	Натпревари	Придобивките од воннаставните активности се многубројни: соработка, другарување, лична надоградба и усовршување во одредена област, зголемување на самодовербата и натпреварувачкиот дух на учениците, стекнување на дипломи и благодарници за вложен труд и постигнати резултати. За афирмирање на воннаставните активности и на постигнатите резултати од истите се користи веб страната на училиштето и на општината. Училиштето не организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Постои поддршка од страна на наставниците за учениците да учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво (од акредитирани здруженија на наставници), како и во други активности со натпреварувачки карактер. Со исказот: „Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учевствувам на различни натпревари“, 52%

		од учениците целосно се согласуваат, 44% се согласуваат, а само 1 ученик или 4% не знае/нама информација. . 1.6. Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари. Целосно се согласувам 13 Се согласувам 11 Не се согласувам 0 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 1 

Анализа на резултатите од анкетите за наставници, ученици и родители

Спроведените анкетни прашалници со учениците, родителите и наставниците беа во избалансиран сооднос, односно беа опфатени по 25 испитаници од сите три целни групи.

Во првото подрачје **„Планирање на наставниците“ / индикатор - подршка и следење на наставниците** добиени се резултати од прашалникот за наставници. Притоа, најголем број од нив се изјасниле со „Целосно се согласувам“ и „Се согласувам“ дека: Добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники за планирање на наставата (68% целосно се согласуваат, 24% се согласуваат, а 8% не се согласуваат); Нивните планирања се следени од страна на директорот и стручната служба, а исто така, добиваат стручна поддршка во процесот на подготвување на планирањата (76% целосно се согласуваат и 24% се согласуваат). Во однос на работата на стручните активи и размената на искуства за планирањата на часовите 60% од наставниците се изјасниле со „Целосно се согласувам“, 32% со „Се согласувам“, и 8% со „Не се согласувам“.

Според добиените резултати од **индикаторот - наставен процес** во прашалникот за родители, сите 25 испитаника се изјасниле со „Целосно се согласувам“ или со „Се согласувам“. Од тука на исказот „Во текот на учебната година моето дете ги има сите наставни часови согласно распоредот“ 72% целосно се согласуваат и 28% се согласуваат. Исто така, родителите укажуваат дека се запознаени со листата на изборни предмети (68% целосно се согласуваат и 32% се согласуваат).

Според добиените резултати од прашалникот за наставници, **индикатор - избор на задачи и активности**, сите 25 испитаника се изјасниле со „Целосно се согласувам“ или со „Се согласувам“ дека задачите и активностите на часовите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците; дека во наставата користат

различни ресурси за учење, како и приоди кои поттикнуваат истражување и решавање на проблеми. Во исказот: „Во наставата користам различни ресурси за учење и настава“ наставниот кадар позитивно се изјаснил и тоа: 72% од испитаниците целосно се согласуваат и 28% се согласуваат. Во исказот: „Моето дете може слободно да се изрази на часовите“ 11 родители (44%) целосно се согласуваат, 13 (52%) се согласуваат и 1 (4%) родител не се согласува. Исто така, во голем процент од родителите се согласуваат дека во училиштато има пристап до различни материјали за учење. Само два испитаника (8%) не се согласуваат или немаат информации за истото. Најголем број од учениците се согласуваат дека часовите се интересни и имаат можност да користат и да учат од различни извори и материјали. Само два ученика (8%) не се согласуваат со истото.

Според добиените резултати од прашалникот за наставници, **индикатор - интеракцијата меѓу наставници и ученици и ученици меѓусебно** сите 25 испитаника се изјасниле со „Целосно се согласувам“ или со „Се согласувам“ во смисла на тоа дека: Ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања; Применуваат интерактивни начини на работа; Ги почитуваат учениците и ги разбираат нивните потреби и проблеми. Исто така, честопати ги поттикнуваат учениците да работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив. Во разговорот со фокус-групи наставниците истакнале дека имаат потреба за обуки во кои ќе научат игровни активности, мултимедија и едукативни компјутерски игри кои ќе ја подобрат интеракцијата. 96% од родителите се изјасниле дека нивните деца можат слободно да се изразат на часовите, а не се согласува само еден родител (4%). Учениците сметаат дека часот се одвива во пријатна атмосфера, но потребно е да се применуваат поразлични методи и техники на работа. 92% од нив се согласуваат дека на најголем број од часовите, сите се активно вклучени во наставата (поставуваат прашања, дискутираат, работат во групи...), а само два ученика (8%) не се согласуваат со тоа.

Во **индикаторот - планирање и реализација на образовната инклузија** сите 25 испитаника-наставници се изјасниле со „Целосно се согласувам“ или со „Се согласувам“ дека задачите и активностите ги прилагодуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а соработката со Инклузивниот тим на паралелката и Инклузивниот тим на училиштето е на високо ниво. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Во изминатиот период, ученикот со ПОП два пати во неделата го посетува помошниот ресурсен центар во ООУ Климент Охридски – Прилеп. Родителите пак, на исказот: „Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете“ - 52% од нив целосно се согласуваат, 40% се согласуваат, 1 родител (4%) не се согласува и 1 родител (4%) не знае/нема информација.

Според добиените резултати во **индикаторот за активностите за меѓуетничката интеграција**, во однос на реализацијата на МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план 88% од испитаниците - наставници целосно се согласуваа и се согласуваат, 2 испитаника (8%) се изјасниле со „Не се согласувам“, а 1 испитаник (4%) со „Не знам/немам информација“. Од родителите, 36% целосно се согласуваат

дека нивното дете било вклучено во активности со ученици кои учат на различни јазици, 28% се согласуваат, 16% не се согласуваат, а 20% од испитанците се изјасниле со „Не знам/немам информација“. Од учениците, од вкупно 25 испитаника - 8% целосно се согласуваат, 44% се согласуваат дека биле вклучени во активности со ученици од различни култури, 24% не се согласуваат, 12% целосно не се согласуваат и 3 ученика (12%) се изјасниле со „Не знам/немам информација.

Според добиените резултати од **индикаторот - искуства на учениците од учењето,** во прашалникот за наставници сите 25 испитаника се изјасниле со „Целосно се согласувам“ или со „Се согласувам“ дека во наставата користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми; Ги пофалуваат учениците за вложениот труд и постигнатите резултати; Применуваат формативно следење на постигањата на учениците, им даваат повратни информации и насоки како поуспешно да учат. Наставниците даваат коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците редовно ги мотивираат учениците. На исказот: „Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати“ 92% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат, а 8% од испитаниците се согласуваат. На исказот: „На моето дете повеќето часови му се интересни“ 36% од родителите се изјасниле дека целосно се согласуваат и 64% се согласуваат со гореневеденото. Додека пак учениците, на исказот: „Ако не знам нешто на часовите можам слободно да ги прашам наставниците“ 80% од нив целосно се согласуваат, 16% се согласуваат и 4% не се согласуваат, што укажува дека во училиштето владее позитивна средина за учење.

Според добиените резултати **во индикаторот за оценувањето како дел од наставата**, во прашалникот за родители, сите 25 испитаника се изјасниле со „Целосно се согласувам“ или со „Се согласувам“ дека: Редовно се известени за постигнувањата на нивните деца на училиште (не само на полугодие и крај на година);

Според исказтот „На учениците им кажувам што добро научиле и што треба да научат дополнително“, 84% од испитаниците - наставниците целосно се согласуваат и 16% од нив се согласуваат. Тоа укажува дека учениците успешно и позитивно се насочени за постигање на добри резултати. Според исказот на учениците „Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари“ - 52% од испитаниците - учениците целосно се согласуваат, 44% се согласуваат, а 1 ученик (4%) се изјаснил дека не знае/нема информација. Со исказот: „Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена“ - 72% од учениците целосно се согласуваат и 28% од нив се согласуваат. Со исказот: „Оценувањето на сите ученици е праведно“ - 64% од испитаниците - учениците целосно се согласуваат, 24% се согласуваат, а 12% од нив не се согласуваат. Со исказот: „Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување“ - 64% од учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат и 36% од нив се согласуваат. Со исказот: „Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките“ - 84% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат и 16% од нив се согласуваат. Со исказот: „На учениците им давам насоки како поуспешно да учат“ 80% од испитаниците - наставниците целосно се согласуваат и 20% од нив се согласуваат. Со исказот:

„Применувам различни начини на оценување на учениците“ - 72% од наставниците целосно се согласуваат и 28% од нив се согласуваат. Со исказот: „Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми...)“ - 60% од испитаниците целосно се согласуваат, 36% се согласуваат, а 1 наставник (4%) не се согласува. Според исказот: „Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет“ 48% од испитаниците - родителите целосно се согласуваат, 48% се согласуваат, а 1 родител (4%) се изјаснил дека не знае/нема информација.

Според добиените резултати **во индикаторот методи, форми и инструменти на оценување** - со исказот: „Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка тестови, наставни ливчиња)“ - 56% од учениците целосно се согласуваат, а 44% се согласуваат. Родителите се изјасниле дека редовно се информирани за постигањата и успехот на нивното дете.

Добиените податоци за **индикаторот - воннаставни активности и натпревари** укажуваат на тоа дека на исказот: „Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности“ - 28% од испитаниците-родителите одговориле дека целосно се согласуваат и 62% од нив се согласуваат. Учениците пак, на поставеното прашање за изборот на воннаставните активности одговориле на следниот начин: 68% целосно се согласуваат, 16% се согласуваат, 12% не се согласуваат, а 1 ученик (4%) се изјаснил дека не знае/нема информација. На исказот: „Планот за воннаставните активности кои ги водам го изготвувам заедно со учениците“ наставниците го дале следниот одговор: 24% целосно се согласуваат, 40% се согласуваат, 16% не се согласуваат, 16% целосно не се согласуваат и 4% не знаат/немаат информација. Со исказот: „Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности“ - 40% од учениците целосно се согласуваат, 52% од нив се согласуваат, а 1 ученик (4%) не се согласува и 1 ученик (4%) не знае/нема информација. Со исказот: „Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учевствувам на различни натпревари“ - 52% од учениците целосно се согласуваат, 44% се согласуваат, а само 1 ученик или 4% не знае/нама информација.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето	**Врз основа на собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и интервјуто со директорот и стручните соработници донесени се следните заклучоци:** 1.Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН. Врз основа на тоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставниците навремено ги изработуваат планирањата и истите ги доставуваат пред почетокот на учебната година. Стручните соработници прават проверка на

	програмите и на наставниците им даваат повратна информација. Во текот на наставната година најмалку два пати има посета на часови, при што се пополнува формулар и низ дескрипторите се следи работата на наставникот и текот на наставниот час. Часовите се следени од страна на: педагогот, социологот и директорот, а со наставниците редовно се прават консултативни разговори во кои има јасни насоки за работите кои треба да се подобрат и пофалби за работите кои се добри. 2.Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и стручна литература, имаат регионална соработка со други училишта, а како резултат на тоа подобрени се планирањата кај најголем број од наставниците. 3.Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставниот план и наставните програми, со Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури кои училиштето ги применува со цел да се почитуваат интересите на учениците. Стручните соработници ја следат процедурата за изборните предмети, истата ја спроведуваат со анкетни листови и ги сумираат добиените податоци. 4.Наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а исто така користат различни приоди и ресурси за учење и настава. 5.Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми... За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. 6.Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. 7.Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма. Наставниците и

	стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот. За унапредување на наставата за учениците со попреченост училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар од Битола, како и со помошниот ресурсен центар при ООУ „Климент Охридски“ - Прилеп. 8.Тимот за училишна интеграција (ТУИ) го спроведува акциискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и од други партнерски организации. Активности за МИО се вклучени и низ содржини по наставни предмети согласно новата Концепција на деветгодишно образование. 9.Од спроведените интервјуа и анкети се согледува дека најголем број од учениците и родителите се задоволни од грижата и се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето. 10.Стручните соработници во соработка со наставниот кадар, преку соодветни прашалници на почетокот на учебната година, ги идентификуваат учениците со потешкотии, надарените и талентираните ученици, а во текот на наставната година се идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства. 11.Според одговорите во интервјуто со директорот и стручната служба наставниците користат најразлични форми, методи и инструменти за оценување на учениците како што се: формативно оценување, усна повратна информација, чек листи, листи за следење, метод на истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн. Според анкетата за ученици, најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена, им објаснуваат зошто добиле одредена оцена, ги известуваат за постигнувањата и начините за нивно подобрување и ги пофалуваат за нивниот труд. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во е – дневник и Главна книга**.** 12.Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на воннаставните активности кои се реализираат во текот на целата учебна година. Во училиштето се спроведуваат различни воннаставни активности како што се: еднодневни екскурзии, излети, активности на училишните секции, акции од хуманитарен карактер...

Силни страни	➢ Училиштето води грижа за реализацијата на наставниот план и наставните програми, дава континуирана поддршка на наставниците и учениците, одржува добра соработка со родителите и локалната средина; ➢ Училиштето навремено обезбедува обуки за наставниците и стручните соработници, како дел од професионалниот развој, и истовремено поттикнува примена на современи методи и техники во планирањето на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници; ➢ Преку активите, се одржуваат состаноци и консултативни средби на кои наставниците споделуваат и разменуваат искуства за подобрување на наставата; ➢ Најмалку два пати во текот на наставната година се следат планирањата на наставниците од страна на стручните соработници и директорот; ➢ Наставниците навремено ги изработуваат планирањата според насоките од БРО и МОН; ➢ Наставниците, како во одделенска, така и во предметна настава, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците; ➢ Наставниците кон учениците се однесуваат на начин што промовира почитување прифаќање, разбирање и соработка; ➢ Сите наставници кон учениците со посебни образовни потреби реализираат настава / воннаставни активности според ИОП; ➢ Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. ➢ Во ЦОУ како и во подрачните училишта има пристап за ученици со физичка попреченост; ➢ Учениците и родителите ја оценуваат безбедноста во училиштето како многу добра; ➢ Атмосферата во училницата учениците и родителите ја оценуваат како многу добра; ➢ Во секоја тековна наставната година одделенските раководители ги идентификуваат и

	учениците од социјално загрозени семејства; ➢ Наставниците на учениците однапред им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена; ➢ Учениците можат слободно да ги избираат изборените предмети; ➢ Наставниците редовно ги известуваат учениците и родителите за постигнувањата и начините на нивно подобрување; ➢ Воннаставните активности во училиштето се реализираат со посебни програми кои се донесуваат секоја учебна година; ➢ Се почитува мислењето на учениците во планирањето и подготвувањето на воннаставните активности.
Слаби страни	➢ Има потреба од смарт табли со софтвер за потребите на новите програми за новата концепција; ➢ Наставниците почетници имаат потреба од обука за работа со ученици со ПОП, да се оспособат да изготвуваат ИОП и модифицирана програма, да прават евалуации на истиот; ➢ Потреба од подобрување на интеракцијата меѓу наставниците и учениците преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија; ➢ ТУИ има потреба од соработка и координација со Комисијата за МИО при Локалната самоуправа за спроведување на општински активности од Стратегијата за МИО и младински активизам; ➢ Наставниците почетници имаат потреба за обука за МИО; ➢ Слаб интерес кај наставниците за спроведување заеднички активности за МИО.
Приоритети	➢ Набавка на смарт табли со софтвер за потребите на новата концепција; ➢ Континуиорано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија;

	➢ Реализација на обуки за наставници почетници за работа со ученици со ПОП, изготвување на ИОП извештај, евалуација на истиот и изработка на модифицирана програма; ➢ Реализација на обуки за МИО за наставници почетници и поттикнување и мотивирање на наставниците за поголема реализација на заеднички МИО активности; ➢ Зајакнување на соработката и координацијата на ТУИ со Комисијата за МИО при Локалната самоуправа за спроведување на општински активности од Стратегијата за МИО и младински активизам.

Подрачје 2: Постигање на учениците

Индикатори за подрачјата квалитет	**Т е м и:**
2.1. Постигања на учениците	• Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди; • Резултати од екстерни тестирања; • Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост; • Известување на родителите / старателите за постигањата на учениците.
2.2. Мерки за подобрување на постигањата	• Редовност во наставата; • Советување на родители / старатели и ученици; • Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава.


Собирање на податоци

Индикатор 2.1.: Постигања на учениците

Извори на податоци	Теми по индикатори	Информации кои се собрани
-Е-дневник; -Записници од родителски состаноци; -Анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување; -Интервјуа со стручни соработници и директор; -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели	Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазикот на кој се реализира наставата по наставни предмети и според квалификациони периоди и резултати од проверување	Постигнувањата на учениците во нашето училиште се следат по класификациони периоди, наставни предмети, полова припадност, јазикот на кој се реализира наставата и по одделенија за секоја учебна година. Со тоа училиштето врши споредување на резултатите на постигнувањата по различни одделенија, наставни предмети, пол, поведение за секоја учебна година, споредување и анализирање на годишните извештаи. Постигнувањата на учениците по наставни предмети по полова припадност се приближно еднакви, а учениците подеднакво покажуваат интерес за вклучување во воннаставните активности.

Постигнувањата на учениците во последните три учебни години


Учебна година	**Среден успех**						
	IV	V	VI	VII	VIII	IX	**IV- IX**
2023/2024	4.48	4.25	4.33	4.25	3.45	3.99	4.26
2024/2025	3.74	4.46	3.95	3.51	4.18	3.68	3.98
2025/2026	4.39	4.59	4.08	4.13	4.24	4.34	4.30



Поддршката што ја добиваат учениците за учење се рефлектира низ целокупниот воспитно - образовен процес. Таа, својата динамика ја добива низ редовната, изборната, дополнителната и додатната настава, како и низ воннаставните активности. Поттикнувањето и мотивацијата се постојано присутни низ односот ученик – наставник, а за целокупната работа, јавно и транспарентно, се информирани родителите.


Училиштето превзема низа активности во однос на поддршката на учениците и тоа: грижа за здравјето, едукативни предавања за заштита од болести, работилници за развој на ментално и социјално здравје и сл. Исто така, училиштето има изработено програма за поддршка на ученици со потешкотии во учењето и со емоционални проблеми. За учениците кои потешко напредуваат се реализира дополнителна настава.наставниците имаат потреба од обука за нагласување на диференцијалните цели и изработка на објективни тестови на знаења.

Наставни предмети	IV	V	VI	VII	VIII	IX	Среден у. предмети
Македонски ј.	3,78	4,11	3,57	3,75	3,79	3,87	3,81
Математика	3,44	4,01	3,42	3,75	3,86	3,64	3,69
Англиски ј.	3,44	4,30	3,28	3,88	4,22	4,17	3,88
Германски ј.	/	/	3,59	3,57	3,72	3,81	3,67
Ликовно обр.	4,89	4,71	5,00	4,69	4,72	5,00	4,84
Музичко обр.	4,78	4,71	3,94	3,75	4,65	4,45	4,38
ТО и инф.	4,78	5,00	/	/	/	/	4,89
ТО и инф. - инфор.	/	/	4,71	5,00	/	/	4,86
ТО и инф. - тех. обр	/	/	4,71	5,00	/	/	4,86
Ист.и општество	4,11	4,31	/	/	/	/	4,21
Природни науки	4,11	4,31	3,42	/	/	/	3,95
Историја	/	/	/	3,69	3,86	4,09	3,88
Ист.и опш.-Историја	/	/	3,23	/	/	/	3,23
Ист. и опш.-Геогра.	/	/	3,75	/	/	/	3,75
Ист. и опш.-Гр. обра.	/	/	4,42	/	/	/	4,42
Географија	/	/	/	3,63	4,00	4,22	3,95
Граѓанско обр.	/	/	/	4,25	4,50	4,82	4,52
Биологија	/	/	/	3,75	4,15	4,34	4,08
Физика	/	/	/	3,82	3,79	3,93	3,85
Хемија	/	/	/	3,32	3,36	3,78	3,49
ФЗО	5,00	5,00	4,96	4,88	4,93	5,00	4,96
Иновации	/	/	/	/	/	5,00	5,00
Изборни предмети							
СИП 1– Сл. цр. вај.	5,00	/	/	/	/	/	5,00
СИП 2– Кр. идеи...	5,00	/	/	/	/	/	5,00
СИП1 - ОЖВ	/	5,00	/	/	/	/	5,00
СИП 2 - Оригами	/	5,00	/	/	/	/	5,00
СИП 1 - Заш. на ж.с.	/	/	4,67	/	/	/	4,67
СИП 2 - Раз. конф.	/	/	4,46	/	/	/	4,46
СИП 1 - Извидниш.	/	/	/	4,88	/	/	4,88
СИП 2 - Учам за ...	/	/	/	4,50	/	/	4,50
СИП 1 - Финан. обр.	/	/	/	/	5,00	/	5,00
СИП 2 - Инов. и пре.	/	/	/	/	5,00	/	5,00
Проекти од л.уметн.	/	/	/	/	/	5,00	5,00
Среден успех	4,39	4,59	4,08	4,13	4,24	4,34	4,30



Среден успех
Проекти од л.уметн.
СИП 2 - Инов. и пре.
СИП 1 - Финан. обр.
СИП 2 - Учам за ...
СИП 1 - Извидниш.
СИП 2 - Раз. конф.
СИП 1 - Заш. на ж.с.
СИП 2 - Оригами
СИП1 - ОЖВ
СИП 2– Кр. идеи...
СИП 1– Сл. цр. вај.
Изборни предмети
Иновации
ФЗО
Хемија
Физика
Биологија
Граѓанско обр.
Географија
Ист. и опш.-Гр. обра.
Ист. и опш.-Геогра.
Ист.и опш.-Историја
Историја
Природни науки
Ист.и општество
ТО и инф. - тех. обр
ТО и инф. - инфор.
ТО и инф.
Музичко обр.
Ликовно обр.
Германски ј.
Англиски ј.
Математика
Македонски ј.
0.00 1.00 2.00 3.00 4.00 5.00 6.00
Среден у. предмети
IX
VIII
VII
VI
V
IV

Целта на реализацијата на дополнителната настава е да се подобрат постигнувањата и да се прошират сознанијата за науката на истите. Наставниците влијаат врз учениците за нивните постигнувања да се подобрат низ секојдневното следење, задавање на домашна работа давајќи повратна информација (усна и пишана) и сл.

Со исказот: „На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна и додатна настава, доколку има потреба од тоа“ - 12 испитаника-родители или 48% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат, 1 родител (4%) не се согласува, а 1 родител (4%) се изјаснил со не знам/немам информација.




За постигнувањата на учениците родителите редовно се информираат на родителски средби (заеднички или индивидуални средби), преку евидентни листови за успех и поведение на учениците, како и преку електронскиот дневник.



		Со исказот: „Редовно сум известен/а за постигањата на моето дете за постигањата (не само на полугодие туку и на крај на учебната година) 22 испитаника - родители или 88% целосно се согласуваат и 3 или 12% се согласуваат. Исто така, 22 или 80% од родителите целосно се согласуваат, а 3 или 12% се согласуваат дека ги користат можностите да разговараат со наставниците за постигањата на нивните деца. За подобрување на постигнувањата на учениците, наставниците применуваат различни активни форми и методи на работа, како и креативни техники во наставата. Со тоа часовите се поинтересно организиртани, а комуникацијата е поголема. При оценувањето на учениците се настојува примена на поголема транспарентност, формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност, а родителите секогаш се известени за постигањата на своето дете.
	Резултати од екстерно тестирање	Училиштето не учевствува во екстерно тестирање, ни во меѓународни оценувања.
	Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост	Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост, со почетокот на секоја учебна година, се идентификуваат според пропишаните процедури. Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на успехот. Со исказот: „Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето“ 16 испитаника - наставници или 64% целосно се согласуваат, 8 наставника или 32% се согласуваат и 1 наставник или 4% не се согласува.


		3. 2.1. Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето  Учениците кои имаат потешкоти во учењето се сладат низ часовите на редовните часови, дополнителната настава.За оние ученици кои се истакнуваат со својот успех училиштето му овозмозува да следи додатна настава при што ги проширува знаењата во зависност од областа. На стручните активи се разговара за подобрување на методите за работа кои ќе се одразат позитивно врз постигањата. Наставниците ги идентификуваат учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и оние со емоционални потешкотии и изградуваат индивидуален пристап кон нив со цел да се подобрат нивните знаења во наставата низ континуирано следење во текот на една учебна година. За оние ученици кои се истакнуваат со своите постигања по одредени наставни предмети се реализира додатна настава.
	Известување на родителите / старателите за постигањата на учениците	Училиштето Круме Волнароски - Тополчани има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Исто така, родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.


		Со исказот: „Редовно сум известен/а за постигањата на моето дете не само на полугодие и крај на годината“ 22 или 88% од испитаниците - родители целосно се согласуваат и 3 родители или 12% од нив се согласуваат. . 1.14. Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на гс дина) Целосно се согласувам 22 Се согласувам 3 Не се согласувам 0 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 0  Учеството и постигањата на учениците во воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. Учевството на натпревари е по наставните предмети: македонски јазик, англиски јазик, математика, природни науки, биологија, хемија, географија.

Собирање на податоци

Индикатор 2.2. Мерки за подобрување на постигањата

Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
-Записници од советувања на родители/старатели и ученици; -Распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; -Е-дневник;	Редовност во наставата	Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите / старателите, за редовноста во наставата и доколку се појавт одредени аномалии реагира тие да се надминат. Училиштето својата соработака ја продлабочува и со другите институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната

-Извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата; -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели		самоуправа и со граѓанските организации до колку има потреба за да се зголеми редовноста на учениците во наставата. Во периодот од интегрални евалуации до денес просечниот број на неоправдани изостаноци е помал од пет по ученик. Со исказот: „Наставниците постојано ме потикнуваат на подобрување на мојот успех.“ 15 испитаници - ученици или 60% целосно се согласуваат, 9 ученици или 36% се согласуваат, а 1 ученик (4%) не се согласува.  Редовноста кај учениците е приоритет на нашето училиште. Во тековните години изостаноците се должат пред се од здравствени причини и за тоа има соодветна медицинска белешка. Учениците кои училиштето ги има идентификувано како ранливи категории редовно ја посетуваат наставата.
	Советување на родители/старатели и ученици	Училиштето ја реализира програмата за советување на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација. За активностите кои ги прервзема ги известува надлежните институции (МОН, локалната самоуправа...), врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и поведението-однесувањето на учениците. Советувањата на родители / старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците.

	Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава	Најголемиот број наставници во наставата користат методи, техники и стратегии за подобрување на постигањата на учениците. Со исказот: „На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна и додатна настава, до колку има потреба од тоа“ 12 испитаника-родители или 48% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат, 1 родител (4%) не се согласува, а 1 родител (4%) се изјаснил со не знам/немам информација. . 2.4. На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа Целосно се согласувам 12 Се согласувам 11 Не се согласувам 1 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 1  Во текот на учебната година видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и додатна настава за напредните ученици. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна и додатна настава и го истакнува на видно место во училиштето, за што уредно го информира и ДПИ. Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и додатната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.

Анализа на резултатите од анкетите за наставници, ученици и родители

Во второто подрачје „Постигање на учениците“ по спроведената анкета се добијаа следниве одговори:

Според добиените резултати од **индикаторот - следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазикот на кој се реализира наставата по наставни предмети и според квалификациони периоди и резултати од проверување** е следен: Со исказот: „На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна и додатна настава, до колку има потреба од тоа“, 12 испитаника-родители или 48% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат, 1 родител (4%) не се согласува, а 1 родител (4%) се изјаснил со не знам/немам информација. За постигнувањата на учениците, родителите редовно се информираат на родителски средби (заеднички или индивидуални средби), преку евидентни листови за успех и поведение на учениците, како и преку електронскиот дневник. Со исказот: „Редовно сум известен/а за постигањата на моето дете за постигањата (не само на полугодие туку и на крај на учебната година“, 22 испитаника - родители или 88% целосно се согласуваат и 3 или 12% се согласуваат. Исто така, 22 или 80% од родителите целосно се согласуваат, а 3 или 12% се согласуваат дека ги користат можностите да разговараат со наставниците за постигањата на нивните деца.

Според **индикаторот екстерно оценување -** училиштето не учевствува во екстерно тестирање, ниту пак во меѓународни оценувања.

Резултатите од **индикаторот - Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост** се следни: Со исказот: „Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето“, 16 испитаника - наставници или 64% целосно се согласуваат, 8 наставника или 32% се согласуваат и 1 наставник или 4% не се согласува.

Во **индикаторот - Известување на родителите / старателите за постигањата на учениците,** конкретно со исказот: „Редовно сум известен/а за постигањата на моето дете не само на полугодие и крај на годината“, 22 или 88% од испитаниците - родители целосно се согласуваат и 3 родители или 12% од нив се согласуваат.

За **индикаторот - редовност во наставата**, со исказот: „Наставниците постојано ме потикнуваат на подобрување на мојот успех.“, 15 испитаника - ученици или 60% целосно се согласуваат, 9 ученици или 36% се согласуваат, а 1 ученик или 4%не се согласува. Редовноста кај учениците е приоритет на нашето училиште.

Во однос на **индикаторот** - **Советување на родители/старатели и ученици и подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**, добиени се следниве одговори: Училиштето ја реализира програмата за советување на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација. Со исказот: „На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна и додатна настава, до колку има потреба од тоа“, 12 испитаника-родители или 48% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат, 1 родител (4%) не се согласува, а 1 родител (4%) се изјаснил со не знам/немам информација. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето, за што уредно го

информира ДПИ. Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и додатната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата на учениците.

Подрачје 2: Постигања на учениците	
Опис/резиме на подрачјето	**Врз основа на собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и интервјуто со директорот и стручните соработници донесени се следните заклучоци:** 1.Постигањата на учениците континуирано се следат по класификациони периоди според пол и јазик на кој се реализира наставата по наставни предмети. 2.Секој наставник индивидуално го следи напредокот и постигањата на учениците (формативно и сумативно) со почитување на индивидуалните способности, ставови и вредности во секој класификационен период од учебна година. 3.Успехот на учениците, согледувајќи го низ нивниот среден успех (на ученик, одделение, училиште) е на задоволително ниво и следено во изминатите неколку години се движи во корелациски соодност со блага тенденција на пораст. 4.Постигањата на учениците се следи и документира низ класификациони периоди, на одделенски и наставнички совети и истиот јавно се презентира на индивидуални родителски средби, Совет на родители, Училишен одбор и Училишна заедница. 5.Поддршката, потикнувањето и мотивацијата кон учениците за учење се рефлектира низ целокупниот воспитно - образовен процес, особено низ динамика на редовната, изборната, дополнителната и додатната настава, како и воннаставните активности. 6.Целокупната своја воспитно-образована работа, училиштето, јавно и транспарентно ја презентира кон родителите. 7.Наставниот кадар секоја нова учебна година ги идентификува учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, учениците со попреченост, со емоционални потешкотии,

	ученици кои спаѓаат во групата на социјалне ризик и изградуваат индивидуален пристап кон нив со цел да се подобрат нивните знаења во наставата низ континуирано следење во текот на една учебна година. 8.Родителите/старателите од страна на наставниот кадар редовно добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води. 9.Редовноста на учениците е приоритет на нашето училиште. Во тековните години изостаноците се должат пред се од здравствени причини и за тоа има соодветна медицинска белешка. Учениците кои училиштето ги има идентификувано како ранливи категории редовно ја посетуваат наставата. 10.Училиштето ја реализира програмата за советување на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација. 11.Во секоја учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето, за што уредно го информира ДПИ. 12.Преку реализацијата на дополнителната и додатната настава се придонесува за подобрување на постигањата на учениците.
Силни страни	➢ Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците. Успехот кај учениците е во корелација низ неколку учебни години. ➢ Напредокот на учениците се следи индивидуално (формативно и сумативно) со почитување на индивидуалните способности, ставови и вредности. ➢ Постигањата на учениците, согледувајќи ги низ анализи и заклучоци во изминатите неколку години се движи во корелациски сооднос. ➢ Постигањата на учениците јавно и транспарентно се презентираат на одделенски и наставнички совети, родителски средби, Совет на родители и Училишен одбор.

	➢ Наставниот кадар секоја нова учебна година ги идентификува учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, учениците со попреченост и емоционални потешкотии. ➢ Учениците кои спаѓаат во групата на социјалне ризик, училиштето ги идентификува и гради индивидуален пристап кон нив со цел да се подобрат нивните знаења во наставата и општата ментална состоја во изградување на лични и социјални компетенции. ➢ Советувањето на родители/старатели училиштето успешно го реализира и истовремено изградува добар однос. ➢ Реализацијата на дополнителната настава допринесува зајакнување на сознајниот когнитивен развој кај учениците. ➢ Во училиштето сите субјекти носители на воспитно-образовниот процес ги почитуваат индивидуалните карактеристики на учениците.
Слаби страни	➢ Има потреба од нагледни средства и дидактички материјали (медиотека) според новата концепција. ➢ Потребна е набавка на нагледни дидактички материјали по наставни предмети ➢ Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за изготвување на диференциран пристап во планирањата, изготвување на модифицирана програма, ИОП. ➢ Наставниците имаат потреба од обука за изготвувањена објективни тестови на знаење.
Приоритети	➢ Набавка на нагледни средства и дидактички материјали (медијатека) според новата концепција. ➢ Набавка на нагледни дидактички материјали по наставни предмети. ➢ Реализација на обуки за наставниците за изготвување диференциран пристап во планирањето изготвување на модифицирана програма, ИОП. ➢ Зајакнување на професионалните компетенции на наставниците преку обука за изготвување на објективни тестови на знаење.


ПОДРАЧЈЕ 3: Училишна клима и односи во училиштето

Индикатори за подрачјата	*Т е м и:*
3.1. Училишна клима	• Углед/имиџ на училиштето; • Кодекс на однесување; • Училишна клима; • Поведение и дисциплина во училиштето; • Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми.
3.2. Еднаквост и правичност	• Познавање и почитување на правата на децата; • Еднаков и правичен третман на сите ученици.
3.3. Партнерски однос со заедницата	• Соработка на училиштето со родителите/старателите; • Соработка со општината и со урбаната заедница.
3.4. Севкупна грижа за учениците	• Превенција и заштита од насилство; • Заштита од пушење, алкохол и од дрога; • Квалитет на достапна храна; • Хигиена и заштита од болести; • Грижа за безбедноста на учениците и вработените; • Грижа за учениците од социјално загрозените семејства; • Грижа за учениците со здравствени проблеми; • Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците; • Давање помош.

Собирање на податоци		
Индикатор 3.1 Училишна клима		
Извори на податоци	Теми по индикатори	Информации кои се собрани
-Кодекс на однесување; -Интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; -Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; -Статут на училиштето; -Куќен ред на училиштето; -Пофалби, награди, признанија и др.; -Написи за училиштето во локални медиуми, на социјалните мрежи и WEB страната од училиштето; -Решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; -Програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; -Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани	Углед / имиџ на училиштето	ООУ Круме Волнароски - Тополчани е лоцирано во рурална средина долж Пелагониската Низина. Истото е препознатливо по големата пространост, т.е наставата се реализира во осум училишни згради. Училиштето има добра соработка со локалната заедница. Особено значајно е што редовноста и дисциплината се на ниво, а општиот среден успех на учениците има ист корелациски континуитет. Со реализација на современа и квалитена настава успешно ја остварува својата воспитно - образовна дејност, надополнувајќи се на мисијата и визијата. Училиштето, за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користи своите web и facebook страни, како и локалните медиуми. Сите субјекти носители на воспитно-образовната дејност во училиштето се грижат за потребите на учениците, нивното здравје, безбедноста, родовата сензибилност, еднаквост, социјален момент и слично, со што се зајакнува мултикултурализмот, партиципацијата - подршката кон учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Сите овие елементи придонесуваат да се развива позитивен однос меѓу нив рефлектирајќи се низ взаемното почитување, толеранција и хуманост. Од овие аспекти произлегуваат и добрите интерперсонални односи помеѓу учениците, наставниците, родителите, кое нешто позитивно се одразува на угледот - имиџот на училиштето. Училиштето своите постигања ги промовира на прославата на патрониот празник, пред поширокатa локална средина.

ученички иницијативи); -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели	Кодекс на однесување	Моралниот и етичкиот кодексот е составен од принципи и правилата на однесување, како и оценување на сите структури во училиштето (директор, стручна служба, наставници, технички персонал, родители, ученици, локална средина). Тоа позитивно се рефлектира на добрите интерперсонални односи. Со исказот: „Имам учевствувано во изработка / ажурирање на кодексот на однесување во училиштето“, 8 испитаници - наставници или 32% целосно се согласуваат, 13 или 52% се согласуваат, 2 наставници или 8% не се согласуваат, а 2 наставника или 8% се изјасниле со „Не знам/немам информација“. 3. 3.1. Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето  Во реализацијата на етичкиот кодекс учествуваат повеќе субјекти и истиот е прифатен на демократски начин. Во тој дел значајно е да се напомене дека произлегува и пишаната процедура во однос на прекршување на принципите и правилата на однесување и оценување, која редовно се спроведува во практиката. I. 3.2. Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување 

		Со исказот: „Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши кодексот на однесување“, 17 испитаници - наставници или 68% целосно се согласуваат и 8 или 32% од нив се согласуваат. Учениците активно учевствуваат во севкупниот живот на училиштето преку активности за демократско учество на учениците, преку одделенските заедници и училишната заедница, ученичкиот парламент, дете правобранител и сл. Преку нив превземаат активности за избор на ученици кои учевствуваат во училишните органи и тела (наставнички совет и училишен одбор) со што можат да поднесуваат иницијативи до училишните органи. Училишните органи и тела го подржуваат демократското учество на учениците и ги разгледуваат нивните активности на кои им даваат повратна информација, насока и сл.
	Училишна клима	Училишната клима во ООУ Круме Волнароски - Тополчани се базира на добро изградени интерперсонални односи. Тие се преплетуваат секојдневно на релација ученик-наставник-родител, со почитување на личноста и давање на можности на афирмирање на нејзината креативност. Меѓу сите субјекти вклучени во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар, стручните соработници и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Сите ученици се чувствуваат безбедно и прифатено од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето нема закани, насилство, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки. Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели.

		Со исказот: „Атмосферата во училиштето е позитивна и потикнувачка“, 20 испитаници - наставници или 80% целосно се согласуваат и 5 или 20% се согласуваат. . 3.3. Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. Целосно се согласувам 20 Се согласувам 5 Не се согласувам 0 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 0 
	Поведение и дисциплина во училиштето	Поведението и дисциплината во училиштето (ученици и наставници) е основно мото за соработака, добра атмосфера и постојана грижа за остварување на мисијата и визијата. На демократски начин е формирана и училишната заедница каде се респектира и почитува одлуката на секој ученик, а училиштето за се редовно ги информира. Кон учениците со различни способности и интереси училиштето превзема активности на помагање и почитување. Поведението и дисциплината во училиштето е на високо ниво. Училиштето има изготвено интерен акт за изрекување на педагошки мерки кон оние ученици кои имаат нарушено поведение, како и пофалби и награди за оние ученици кои покажале добри резултати во учењето. Исто така, има изготвено и Протокол за заштита и пријавување на насилство и злоупотреба и занемарување. Училиштето има куќен ред кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно со проширената програма на училиштето.

Со исказот: „Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правиата во училиштето“ 13 испитаници - ученици или 52% целосно се согласуваат, 10 или 40 % се согласуваат, а 2 ученика или 8% не се согласуваат.

3. 3.7. Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето.




Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки, а тимот за поддршка работи за надминување на проблемите.

Со исказот: „Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици“, 17 испитаници - ученици или 68% целосно се согласуваат, 6 или 24% се согласуваат, а 2 ученика или 8% не се согласуваат.

4. 3.8. Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици




	Учество на учениците во донесување-то одлуки и решавањето проблеми.	Преку училишната зедница и училишниот парламент учениците се вклучени во процесот на демократско учевство во донесување на одлуки и решавање на проблеми во училишниот живот. Преку активностите кои се реализираат во тековната година учениците учат за своите права, развиваат одговорност и самодоверба, градат позитивна слика за себе, стекнуваат вештини правилно да се изразуваат, да го почитуваат туѓото мислење, да превземаат акции и да донесуваат одлуки за решавање на своите проблеми. Преку Училишниот парламент се реализираат работолници кои ја зајакнуваат самодовербата кај учениците. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент и ученички правобранител за работи кои се од нивен интерес. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент. Учениците, членови на ученичкиот парламент, редовно се поканууваат и присуствуваат на состаноци на Училишниот одбор, Советот на родители и Наставнички совет. Со исказот: „Ученичката заедница од моето одделение учевствува во активности за подобрување на работата на училиштето“, 9 испитаници - ученици или 36% целосно се согласуваат, 15 или 60% се согласуваат, а 1 ученик или 4% не се согласува. 3.11. Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на учили штето. 


Собирање на податоци		
Индикатор 3.2. Еднаквост и правичност		
Извори на податоци	Теми по индикатори	Информации кои се собрани
-Разговори со учениците, родителите/старателите, наставници, стручна служба; -Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; -Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител; -Структура на паралелките; -Записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција; -Дневник за работа на стручните соработници; -Оперативен план за наставен час; -Записници од наставнички совет; -Критериуми и процедури за избор на ученик на генерација; -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели	Познавање и поттикнување на правата на децата	Низ редовната, изборната, дополнителната / додатната настава, воннаставните активности и интегрираните наставни содржини учениците се запознаваат со правата на детето и неговите одговорности. Во текот на секоја учебна година се реализираат работилници за правата на децата, а тие активности се иницираат преку училишната заедница, ученичкиот парламент, како и низ предмети од редовната настава. Особено се става акцент на реализацијата на работилниците: „Отворени денови за граѓанско образование“, кога во најголема мера доаѓаат до израз ученичките иницијативи. Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Со исказот: „На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето“, 14 испитаници - наставници или 56% целосно се согласуваат и 11 или 44% се согласуваат. 

		Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се еднакво и правично застапени.
	Еднаков и правичен третман на сите ученици	Еднаквоста и правичноста кон сите ученици е **мото** во нашето училиште. Тоа е јака стана од аспект што наставниците и учениците од двата пола, без разлика на нивното социјалното потекло, подеднакво се вклучуваат во учеството на реализацијата на квалитетна настава, воннаставни активности, како и во уредување, средување и естетско обликување на ентериерот, ходниците и училниците. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста што како темелни вредности обезбедуваат почитување на сите структури, учесници во училишниот живот (наставници, ученици, родители). Сите ученици се вклучени во слободните и воннаставните активности. Со исказот: „Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права“, 13 испитаници - ученици или 52% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат, 1 ученик или 4%, не се согласува. 8. 3.12. Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права 


Собирање на податоци		
Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата		
Извори на податоци	Теми по индикатори	Информации кои се собрани
-Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); -Записници од советот на родители и родителски средби; -Интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; -Анкета/интервју со претставник на локалната заедница; -Статут на училиштето; -Интернет-страница на училиштето; -Договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции; -Извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница; -Документација за добиени спонзорства и донации; -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели	Соработка на училиштето со родителите/ старателите	Училиштето секогаш активно соработува со субјектите носители на воспитно-образовниот процес и ги потикнува родителите на соработка преку индивидуални, наставничко-родителски средби и Совет на родители. Училиштето ги отвора вратите на соработка и активно вклучување на родителите во животот и работата на училиштето. Преку нив се реализираат едукативни предавања, запознавање со нормативните акти и други активности кои се приоритет на училиштето (осигурување, помош при реализација на работилници и сл.). Преку локалната средина училиштето им дава можност на родителите за соработка и учество на различни манифестации, донирање на скромни спонзорства и преку различни професионални профили вклучување во воспитно-образовниот процес. Во училиштето се чувствува потреба комуникацијата и соработката со родителите да се подобри, па во контекст на тоа наставниците бараат начини и методи за остварување на подобар интерактивен однос и мотивирање на родителите за поактивно вклучување во животот и работата на училиштето. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма. Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-

		образовната работа на училиштето на сите нивоа. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.
	Соработка со општината и со урбаните заедници	ООУ Круме Волнароски - Тополчани соработува со локалната средина и урбаната заедница, а притоа посебен акцент се дава на посетеноста на културните центри каде децата културно се издигнуваат. Од страна на училиштето организирани се посети на музеј - Прилеп, на музеи и споменици во Скопје и сл. Преку реализација на воннаставни активности од општ воспитен или научен карактер се посетуваат и стопански објекти се со цел учениците да се запознаат со животот и работата на луѓето од поширокаата средина. ООУ Круме Волнароски - Тополчани соработката со локалната средина, особено со локалната самоуправа ја остварува на добро ниво и овие изминати година преку неа се реализираа значајни инвестирања/реконструкции. Во училиштето се реализираат едукативни предавања за професионална ориентација на учениците во деветто одделение особено со средните стручни училишта во општина Прилеп, Крушево, Охрид се со цел мотивирање на учениците за продолжување на своето образование и избор на идното занимање. Училиштето соработува со медицински центар во однос на систематски и стоматолошки прегледи, вакцинации и ревакцинации, како и со претставници од МВР Прилеп кои во нашето училиште реализираат едукативни предавања од областа на сообраќајот и зависностите. Училиштето соработува и со други училишта на база на размена на искуства, семинари од едукативен карактер, прослава на патронот и др.


		Со исказот: „Учевствувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата“, 9 испитаници - наставници или 36% целосно се согласуваат, 13 или 52% се согласуваат, 2 наставници или 8%, не се согласуваат, а 1 наставник или 4% целосно не се согласува. 
Собирање на податоци		
Индикатор 3.4. Севкупна грижа на учениците		
Извори на податоци	Теми по индикатори	Информации кои се собрани
-Кодекс на однесување; -Куќен ред на училиштето; -Набљудување на условите во училиштето; -Протокол за превенција и заштита од насилство; -Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите/старателите и со учениците; -Педагошка евиденција за изречени	Превенција и заштита од насилство	Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените си ги знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Училиштето има изградено и систем на идентификување на деца жртви на насилство, нивните

педагошки мерки; -Записници од советувања; -Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); -Записници од советот на родители и родителски средби; -Педагошка евиденција и документација; -Организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; -Записници од спроведените активности за професионална ориентација; -Активности за социо-емоционално учење: линк од прашалник за наставници-емоции -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели		родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители. За јакнење на светста, како едукативна превенција, училиштето редовно реализира работилници за заштита од насилство, сајбер насилство и врсничко насилство.
	Заштита од пушење, алкохол и од дрога	Со исказот: „Во училиштето се спроведуваат активности за превенција за насиство и ненасилно решавање на кофликти“, 13 испитаници - родители или 52% целосно се согласуваат, 9 или 36 % се согласуваат, 1 родител или 4%, не се согласува и 2 родителі или 8% се изјасниле со „Не знам/немам информација“. . 3.14. Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти Целосно се согласувам 13 Се согласувам 9 Не се согласувам 1 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 2  Во сите училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана за пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.

		Во прашалникот за наставници, со исказот: „Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна подршка и помош за решавање на проблемите во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење алкохол и дрога“ 12 испитаници или 48% целосно се согласуваат и 13 или 58% се согласуваат. 3.17. Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проб мите во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога Целосно се согласувам 12 Се согласувам 13 Не се согласувам 0 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 0 52% 48
	Квалитет на доставена храна	Од учебната 2023/24 година ООУ Круме Волнароски-Тополчани има организирано достава на храна, а во учебната 2025/26 достава на храна се вршеше за учениците од I до III одделение. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана и здрав начин на живот.
	Хигиена и заштита од болести	Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот, со што ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Исто така, воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат барем трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот

		на училиштето е чист и хортикултурно уреден (во граници н можностите на училиштето). Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање прва помош. Со исказот: „Хигиената во училиштето е на високо ниво“, 10 испитаници - родители или 40% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат, 2 родители или 8%, не се согласуваат, 1 родител или 4% целосно не се согласува, а 1 родител или 4% се изјаснил со „Не знам/немам информација“. . 3.17. Хигиената во училиштето е на високо ниво Целосно се согласувам 10 Се согласувам 11 Не се согласувам 2 Целосно не се согласувам 1 Не знам/немам информација 1 
	Грижа за безбедноста на учениците и вработените	Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранската инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и на почетокот од учебната година се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.

	Грижа за учениците од социјално загрозени семејство	Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите / старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално ранливи категории.
	Грижа за ученици со здравствени проблеми	Во нашето училиштето нема ученици кои подолго време отсуствуваат од редовната настава. Доколку се појави ваква појава училиштето е спремно да обезбеди подршка со која ќе спроведе соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа...)
	Грижа за социо-емоционал-ната добросостој-ба на ученици	Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо-емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење линк од прашалник за наставници-емоции Во прашалникот за родители, со исказот: „Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете“, 14 испитаници - или 56% целосно се согласуваат, 10 или 40% се согласуваат, а 1 родител или 4%, не се согласува.

		3.18. Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете Целосно се согласувам 14 Се согласувам 10 Не се согласувам 1 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 0 
	Давање помош при изборот за продолжува-ње на образовани-ето	Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Во текот на месец мај учениците во деветото одделение се запознаваат со конкурсот на упис во средните училиште. Исто така, се реализираше работилница за професионално и кариерно советување, со што преку линк учениците се приклучија на дигитална алатка со која се тестираа за тип на личност и се спроведоа анкети за способности и интереси (riaset test). (https://careers.brainster.co/quiz/checkpoint/personality) Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и устни соопштенија. Исто така, училиштето им дава помош на учениците и на нивните родители / старатели во избор на средното училиште.

Анализа на резултатите од анкетите за наставници, ученици и родители

Врз основа на собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и интервјуто со директорот и стручните соработници, добиени се следниве резултати:

Во **индикаторот Училишна клима - Углед / имиџ на училиштето** – добиените резултати укажуваат на позитивен однос меѓу сите субјекти во училиштето кои се рефлектираат низ взаемното почитување, толеранција и хуманост. Од овие аспекти произлегуваат и добрите интерперсонални односи помеѓу учениците, наставниците и родителите, кое нешто позитивно се одразува на угледот-имиџот на училиштето.

Според **индикаторот Кодекс на однесување,** со исказот: „Имам учевствувано во изработка / ажурирање на кодексот на однесување во училитето“, 8 испитаници - наставници или 32% целосно се согласуваат, 13 или 52% се согласуваат, 2 наставници или 8% не се согласуваат, а 2 наставника или 8% се изјасниле со „Не знам/немам информација“.

Со исказот: „Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши кодексот на однесување“, 17 испитаници - наставници или 68% целосно се согласуваат и 8 или 32% од нив се согласуваат.

Со исказот: „Атмосферата во училиштето е позитивна и потикнувачка“, 20 испитаници - наставници или 80% целосно се согласуваат и 5 или 20% се согласуваат.

Според добиените резултати во **индикаторот Поведение и дисциплина во училиштето** - поведението и дисциплината во училиштето (ученици и наставници) е основно мото за соработака, добра атмосфера и постојана грижа за остварување на мисијата и визијата. Според анкетата и исказот:„Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правиата во училиштето“, 13 испитаници - ученици или 52 % целосно се согласуваат, 10 или 40 % се согласуваат, а 2 ученика или 8% не се согласуваат. Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки, а тимот за поддршка работи за надминување на проблемите.

Со исказот: „Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици“, 17 испитаници - ученици или 68% целосно се согласуваат, 6 или 24% се согласуваат, а 2 ученика или 8% не се согласуваат.

Според добиените резултати во **индикаторот Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми,** во исказот: „Ученичката заедница од моето одделение учевствува во активности за подобрување на работата на училиштето“, 9 испитаници - ученици или 36% целосно се согласуваат, 15 или 60% се согласуваат, а 1 ученик или 4% не се согласува.

Во **индикаторот Еднаквост и правичност - Познавање и поттикнување на правата на децата** - со исказот: „На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето“, 14 испитаници - наставници или 56% целосно се согласуваат и 11 или 44% се согласуваат.

Во **индикаторот Еднаков и правичен третман на сите ученици** - со исказот: „Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права“, 13 испитаници - ученици или 52% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат, 1 ученик или 4%, не се согласува.

Според добиените податоци за **индикаторот Партнерски однос со заедницата** - Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. Со исказот: „Учевствувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата“, 9 испитаници - наставници или 32% целосно се согласуваат,13 или 52% се согласуваат, 2 наставници или 8% не се согласуваат, 1 наставник или 4% целосно не се согласува, а 1 наставник или 4% се изјаснил со „Не знам/ немам информации.

Според добиените податоци од **индикаторот** С**евкупна грижа на учениците, превенција и заштита од насилство** - училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. За јакнење на светста, како едукативна превенција, училиштето редовно реализира работилници за заштита од насилство, сајбер насилство и врсничко насилство.

Во **индикаторот Заштита од пушење, алкохол и од дрога**, со исказот: „Во училиштето се спроведуваат активности за превенција за насиство и ненасилно решавање на кофликти“, 13 испитаници - родители или 52% целосно се согласуваат, 9 или 36% се согласуваат, 1 родител или 4% не се согласува и 1 родител или 4% се изјаснил со „Не знам/немам информација“. Во прашалникот за наставници, со исказот:„Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна подршка и помош за решавање на проблемите во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога“, 12 испитаници или 48% целосно се согласуваат и 13 или 52% се согласуваат.

Во **индикаторот Квалитет на доставена храна** - јасно се нагласува дека училиштето има организирано достава на храна за ученици од прво, второ и трето одделение.

Во **индикаторот Хигиена и заштита од болести** - со исказот: „Хигиената во училиштето е на високо ниво“, 10 испитаници - родители или 40% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат, 2 родители или 8%, не се согласуваат, 1 родител или 4% целосно не се согласува, а 1 родител или 4% се изјаснил со „Не знам/немам информација“.

Во **индикаторот Грижа за здравствена социо-емоционалната добросостојба на ученици**, во прашалникот за родители, со исказот: „Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете“, 12 испитаници или 48% целосно се согласуваат, 10 или 40% се согласуваат, а 2 родител или 8% не се согласуваат и 1 или 4% не знае.

За **индикаторот Давање помош при изборот за продолжување на образованието** - се добиваат информации дека учениците се навремено запознаени, се спроведуваат тестови за интереси – riaset test и електронски се тестираат (https://careers.brainster.co/quiz/checkpoint/personality) – тип, начин и идно занимање.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето	
Опис/резиме на подрачјето	**Собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и интервјуто со директорот и стручните соработници не насочуваат кон донесување на следните заклучоци:** 1. Училиштето својот углед/имиџ го темели врз основа на еднаквост меѓу сите субјекти, родовата сензибилност, безбедност и истовремено негување на социјалниот момент. Врз тоа се развива позитивен однос низ взаемно почитување, толеранција и хуманост со што се зајакнува мултикултурализмот, партиципацијата – интерперсоналните односи на вработените, подршката кон учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. 2.Кодексот на однесување е изработен врз основа на морални и етички принципи**.** Истиот е составен од принципи и правила на однесување и оценување на сите структури во училиштето. 3.Училишните органи и тела го поддржуваат и мотивираат демократското учество на учениците. 4.Училишната клима како комплексен систем се базира на добро изградени интерперсонални односи (ученик-наставник-родител), заемно почитување, позитивна атмосфераи и средината за учење. 5.Основното мото на училиштето е за соработака, добра атмосфера и постојана грижа за остварување на мисијата и визијата. 6.Учениците преку училишниот парламент се вклучени во процесот на демократско учевство, во донесување на одлуки и решавање на проблеми во училишниот живот. 7.Еднаквоста и правичноста во училиштето се приоритет. Тоа најдобро се забележува преку почитување и промовирање на правата на децата низ редовната, изборната, додатната и дополнителната настава, како и низ воннаставните активности.

	8.Училиштето ја промовира еднаквоста и правичноста кон сите ученици врз темелни вредности кои обезбедуваат почитување на сите структури, учесници во училишниот живот. 9.Училиштето секогаш активно соработува со родителите и ги потикнува родителите за соработка преку индивидуални и групни наставничко-родителски средби и преку работата на Советот на родители. 10.Соработката на училиштето со општина Прилеп е на високо ниво, а исто така се залага за соработка со урбаните/рурални заедници. 11.Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување со што има изградено систем за постапување за превенција и заштита од насилство. 12.Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители, заштита од пушење, алкохол, наркотичните средства и сл. 13.ООУ Круме Волнароски - Тополчани, во учебната 2023/24 година имаше организирано достава на храна за учениците од прво одделение, а во наредните години и за учениците од второ и трето одд. За сите ученици води кампања за здрава исхрана и здрав начин на живот. 14.Хигиена во училиштето е на високо ниво. Одговорноста на сите субјкети води кон грижа и заштита од болести преку примарната, секундарната и терциелна заштита. 15.Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозени семејство, континуирано соработува со родителите/старателите и им нуди стручна помош и поддршка. 16.Во училиштето се води грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците, па за таа цел се спроведуваат активности за зајакнување на манталното здравје, а преку социо-емоцијалното учење се јакнат личните и социјалните компетенции. 17.Училиштето има изградено систем на давање помош за избор и продолжување на образованието како дел од професионална ориентација на учениците.

Силни страни	➢ Угледот/имиџот на училиштето го градат сите субјекти во училиштето со промовирање на културните афинитети на теренот каде припаѓа училиштето. ➢ Кодексот на однесување во училиштето го донесуваат учениците, наставниците и родителите. Истиот, секоја учебна година се ажурира/обновува за да се постигне еднаквост на сите вклучени страни. ➢ Ученичкото демократско учевство во ученичките органи и тела е мотивирано и поддржано од сите наставници. ➢ Училиштето води редовна грижа за безбедноста и здравјето на учениците. ➢ Хигиената во училиштето и заштитата од болести е на високо ниво. Истата редовно се следи и превентивно се делува. ➢ Изградени се процедури за грижа за учениците со проблеми, социјално загрозени, како и процедури за заштита од насилство. ➢ Соработката на училиштето со општина Прилеп е на високо ниво. Таа ги поддржува инфрастуктурните зафати и ја промовира едукативната страна. ➢ Грижата за социјално загрозени семејства се применува во сооднос ученици-наставници-родители и два пати годишно им се дава помош. ➢ Училиштето води грижа за професионалната ориентација и кариерниот развој на учениците за продолжување на образованието. Имено, секоја учебна година училиштето ги мотивира и афирмира учениците за избор на идното занимање.
Слаби страни	➢ Има потреба од смарт табли за современа настава. ➢ Има потреба од набавка од нагледни средства по наставни предмети. ➢ Недоволен интерес од страна на родителите за нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето. ➢ Училиштето има потреба од поголема соработка со деловната заедница.

	➢ Слаба соработката на училиштето со урбаните/рурални заедници и граѓанскиот сектор. ➢ Училиштето слабо соработува со меѓусекторски институции. ➢ Има потреба од спортски соблекувални по ФЗО во ЦОУ Круме Волнароски -Тополчани. ➢ Има потреба од спортски соблекувални по ФЗО во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово. ➢ Има потреба од летниковец / ЕКО училница во ПУ Беровци.
Приоритети	➢ Набавка на смарт табли за реализација на современа настава. ➢ Набавка на нагледни средства по наставни предмети. ➢ Зајакнување на човечкиот потенцијал за мотивирање на родителите за активно вклучување во работата на училиштето. ➢ Училиштето да изгради систем за поголема сорботка со деловната заедница. ➢ Училиштето да ја зајајкне соработката со урбаните/рурални заедници и граѓанските организаци. ➢ Да се подобри соработката со меѓусекторските институции (МВР, Здравствен дом, Центар за социјална работа) пред се, на полето на едукативно - превентивната страна. ➢ Адаптација на просторија за спортски соблекувални по ФЗО во ЦОУ Круме Волнароски - Тополчани. ➢ Адаптација на просторија за спортски соблекувални по ФЗО во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово. ➢ Изградба на летниковец / ЕКО училница во ПУ Беровци.

ПОДРАЛЈЕ 4: Управување, раководење и креирање на политика

Индикатори за подрачјата	Теми
4.1. Управување и раководење со училиштето	• Управување со училиштето; • Раководење со училиштето. • Управување и раководење со ресурсите; • Раководење со кадарот; • Следење и унапредување со наставниот процес.
4.2. Цели и креирање на училишна политика	• Процедури за креирање на училишната политика; • Резултати од развојното планирање; • Планирање и управување со училишниот буџет.


Собирање на податоци		
Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
-Програма за работа на училишниот одбор; -Деловник за работа на училишниот одбор; -Статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); -Развојна програма на училиштето; -Програма за работа на директорот; -Програми за професионален развој; -Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); -Интервјуа со наставници, стручни соработници, родители/старатели и ученици и училишниот одбор; -Распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; -Прашалник за одговорното лице од општината; -Докази за вклученост во	Управување со училиштето	Во ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, Училишниот одбор (УО) е орган на управување кој е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Него го сочинуваат 7 члена и тоа: 3 претставници од наставниците, 3 претставници од родителите / старателите на учениците и 1 претставник од локалната самоуправа. Надлежностите за управување на УО се јасно дефинирани во одредбите од Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на Училишниот одбор и истите се почитуваат и извршуваат. Училишниот одбор одржува редовни состаноци, работи според својата програма и секогаш навремено донесува одлуки за актуелни проблеми поврзани со воспитно-образовната работа и со целокупниот живот на училиштето. Училишниот одбор има воспоставено добра соработува со раководниот орган на училиштето, а за одлуките донесени од страна на Училишниот одбор, вработените се информираат на Наставнички совет. 46. Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки 

регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека / медиатека; -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели		Со исказот: „Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки“, 13 испитаници - родители или 52% целосно се согласуваат, 7 или 28% се согласуваат, 1 родител или 4% не се согласува, 1 родител или 4% целосно не се согласува, а 1 родители или 4% се изјасниле со „Не знам/немам информација“. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.
	Раководење со училиштето	Раководен орган е директорот на училиштето - Дејан Бунтески. Надлежностите за административните задачи и за раководење јасно се дефинирани со: • Статутот на училиштето; • Законот за Основно образование; • Законот за работни односи. Раководниот орган на училиштето ги согледува и координира сите активности и потреби на сите субјекти носители на воспитно-образовната дејност, но и на другите кои заедно го сочинуваат животот и работата на училиштето. Исто така,

раководниот орган постојано ја поттикнува, ја развива и ја следи тимската работа, има професионален однос кон работата и воспоставува позитивна комуникација со учениците, вработените и родителите. Во работењето на училиштето, во центар, се стават целите на училиштето кои се имплементираат низ целокупната работа.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина, граѓанските организации, регионални училишни мрежи...


Со исказот: „Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите“, 18 испитаници - наставници или 72% целосно се согласуваат, 7 или 28% се согласуваат.




	Управување и раководење со ресурсите	Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на и на наставниците и на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет, а библиотечната евиденција се води во согласно со законската регулатива (се води електронска евиденција за издадените и вратените книги). Библиотеката е отворена за користење во текот на училишниот ден и работи согласно со адаптираниот распоред за наставникот - библиотекар.

Училиштна библиотека во ЦОУ Круме Волнароски - Тополчани		
Ред. број	Библиотечен фонд	Количество
1.	Учебници - Тополчани	774
2.	Лектири - Тополчани	150
3.	Стручна литература и публикации	665
4.	Книги (литература) - Тополчани	5533


Училиштна библиотека во ППУ Круме Волнароски - Старо Лагово		
Ред. број	Библиотечен фонд	Количество
1.	Учебници - Старо Лагово	1034
2.	Лектири - Старо Лагово	150
3.	Стручна литература и публикации	/
4.	Книги (литература) - Старо Лагово	2017

		Со исказот: „Училишната библиотека е достапна за сите ученици“, 15 испитаници - родители или 60% целосно се согласуваат, 6 или 24% се согласуваат, 3 родители или 12% не се согласуваат, а 1 родител или 4% се изјаснил со „Не знам/немам информација“. 7. Училишната библиотека е достапна за сите ученици Целосно се согласувам 15 Се согласувам 6 Не се согласувам 3 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 1 
	Раководење со кадарот	Училиштето има соодветни стручни соработници и соодветен наставен кадар за реализација на наставниот план и наставните програми. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни тенденции.

		Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници секоја година изработуваат личен план за професионален развој и имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.
	Следење и унапредување на наставниот процес	Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. Со исказот: „Директорот и стручните соработници сладат најмалку два мои наставни часа во текот на едно полугодие“, 17 испитаници - наставници или 68% целосно се согласуваат, 7 или 28% се согласуваат, а 1 наставник или 4% не се согласува.). 4.5. Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугоди е Целосно се согласувам 17 Се согласувам 7 Не се согласувам 1 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 0 

Собирање на податици

Индикатор 4.2. Цели и креирање на училишна политика

Извори на податоци	Теми по индикатори	Информации кои се собрани
-Развојна програма на училиштето; -Годишна програма за работа на училиштето; -Извештај од самоевалуација; -План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови; -Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите / старателите, учениците; -Записници од училишниот одбор, наставничкиот совет, советот на родители; -Интерни акти; -Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; -Деловник за работа на училишниот одбор; -План за професионален развој; -Буџет и финансиски план на училиштето; -Анкети со наставници, ученици, родители/старатели: Прашалник за наставници Прашалник за ученици Прашалник за родители/старатели	Процедури за креирање на училишна политика	Целите на ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани се во согласност со образовната политика на државно ниво и истите се имплементирани во Годишната програма за работа и Развојната програма за работа на училиштето. Тие се јасно и прецизно дефинирани во училишните акти, а се фокусираат на подобрувањето на инфраструктурата, квалитетот на наставата и подобрување на постигањата на учениците. Со исказот: „Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите“, 18 испитаници - наставници или 72% целосно се согласуваат и 7 или 28% се согласуваат.  Во креирањето и остварувањето на целите, начелата и вредностите на училиштето активно се вклучени и вработените и учениците со нивните родители/старатели. Училиштето ги запознава со нивното остварување и подобрување, но исто така и ги мобилизира да работат на


		остварување на целите, земајќи ги секогаш во предвид мислењата на родителите и учениците. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигнувањата на учениците. Образовната политика на училиштето е предвидена со ГПРУ и Програмата за развој на училиштето и истата е во согласност со државната и локалната образовна политика. Двата документи се креирани согласно насоките од БРО и МОН. Во ГПРУ има јасност и соодветност на целите, како и процедура за креирање на училишна политика. Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето. Во креирањето на училишната политика учествуваат сите субјекти: целиот вработен персонал, учениците, родителите, Совет на родители, Училишен одбор и Локалната самоуправа. Како резултат на нивно активно учество во креирањето на политиката, истите се и благовремено информирани. Преку Акционите планови се планираат и постигнуваат цели кои имаат позитивно влијание на работата на училиштето, а пред се се однесуваат на: Квалитетно учење и поучување; Промовирање на успехот; Максимално искористување на сите расположиви ресурси; Градење на клима на взаемна доверба и соработка; Поддршка и помош во усовршување на наставниците; Зајакнување на капацитетите на стручните активи и непосредно вклучување во подготвувањето на сите видови на настава; Непосредна подготовка на наставниците во изборот на целите и задачите воостварување на одделни наставни теми и единици;

		Планирање и програмирање на стручно усовршување на наставници; Соработка и работата на тимовите во училиштето; Учество на семинари, советувања и други форми на стручно усовршување на наставно - воспитниот кадар, примена на форми, методи и средства за мотивација на ученици со негативни оценки; Предлагање на форми и методи за организација на дополнителната настава; Воведување индивидуализирани форми на работа; Предлагање и воведување на нови мерни инструменти во наставата за оценување на учениците; Дидактичка методска помош на наставници – почетници; Реализирање на интерни едукации; Подобрување на квалитетот на наставата и следење на ефективноста на новите форми на работа (online настава); Мотивацијата на учениците за работа и учење; Развивање на инструменти за вреднување и самовреднување на работата на наставникот, како и помош во изготвување на инструменти за оценување на учениците; Следење и анализа на успехот на учениците. Во нашето училиште наставата се изведува на македонски јазик. Од странските јазици се изучуваат: изучуваат англиски јазик (како задолжителен предмет) и втор странски јазик -германски јазик (како изборен предмет). Има и други слободни изборни предмети (IV, V, VI и VII, VIII и IX одд.) за кои учениците сами одлучуваат преку анкета. Анкетата за слободните изборни предмети и за изборните предмети се спроведува во месец мај според интересите и афинитетите на учениците и со согласност на родителите.

	Резултати од развојното планирање	Развојните цели се одраз на мисијата и визијата на училишето и сите се во функција на подобрување на севкупната работа на училиштето. Училиштето има изготвено акциски планови за поставените цели, како и план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигањата со јасна динамика и конкретни индикатори за успешност. Исто така, училиштето има програма за професионален развој на наствниците и стручните соработници. Училиштето систематски и навремено ги планира и обезбедува материјално-техничките средства со што се обезбедува оптимално реализирање на наставниот процес. Училиштето редовно обезбедува средства од локалната заедница за подобрување на инфрастуктурата на училиштето. Со целите на развојната програма, преку стратешките, развојните и конкретните цели се нагласуваат идните активности кои училиштето треба да ги реализира, поврзани со професионалниот развој на наставниците и набавката на нагледните средства и дидактички помагала. Во креирањето на развојната политика учествува директорот, базирајќи се на ставовите и препораките од страна на стручната служба, раководителот на ППУ, Училишниот одбор, Советот на родители. Исто така, во утврдувањето на целите активно се вклучени наставниците, учениците, родителите и претставници од локалната заедница. Со исказот: „Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период“, 9 испитаници - ученици или 36% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат, 2 ученика или 8% не се согласуваат, а 3 ученика или 12% се изјасниле со „Не знам/немам инфор.“.

6. 4.1. Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период.

Целосно се согласувам	9
Се согласувам	11
Не се согласувам	2
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	3




Во интерес на реализирање на поставените цели за развој на училиштето се определени задачите, активностите, одговорните лица и временската рамка за нивна реализација. Во планот за евалуација се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активности со кои се следи успешноста на реализирање на поставените цели.

Со исказот: „Информиран/а сум со резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање“,14 испитаници - наставници или 56% целосно се согласуваат, 10 или 40% се согласуваат, а 1 наставник или 4% се изјаснил со „Не знам/немам информација“.


5. 4.1. Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и дина миката за реализирање

Целосно се согласувам	14
Се согласувам	10
Не се согласувам	0
Целосно не се согласувам	0
Не знам/немам информација	1



		Училиштето преку редовно одржување на состаноци со Советот на родители, родителски средби и наставнички совет ги запознава сите заинтересирани субјекти за реализација на поставените цели земајќи ги притоа во предвид нивните предлози и ставови. Исто така, училиштето континуирано обезбедува средства за обуки на наставниот кадар. Во секоја учебна година, согласно финансовиот план, се подобрува инфраструктурата во училиштето. Училиштето освен што остварува соработка со локалната самоуправа, соработува и со МОН секотор-инвестиции. Во Годишната програма за работа на училиштето нагласени се материјално-техничките средства со кои располага истото, а кои се од витално значење за реализација на квалитетна настава. Потребите за набавка на материјални средства произлегуваат од приоритетните потреби кои ги идентификувале наставниците и кои им се потребни за реализација на наствата. Училиштето има и план за професионален развој и дава поддршка на вработените за нивно професионално надградување, па врз основа на нивните идентификувани потреби (личен план за професионален развој) се изработува и програма за професионален развој на ниво на училиште. Значи, училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално - технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Составен дел во реализација на наставата е образовната ИТ опрема која постојано се надополнува. Раководниот орган перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, од Бирото за развој, МОН и ДИЦ. По завршувањето на секоја учебна година следи анализа на резултатите од учениците и со

		тоа се градат подрачја на приоритети за воспитно-образовна програма на училиштето од каде произлегуваат задачите за следната учебна година. Училиштето, врз основа на оваа самоевалуација, ќе изработи Развојна програма со јасно дефинирани приоритети. Целите на новата развојна програма ќе бидат конкретни, остварливи и ќе ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување вклучени се наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање на планираните активности. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.
Финансиски план за училишен буџет за распределување финансиски средства	Планирање и управување со училишниот буџет	Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Наставнички совет, Советот на родители, Училишниот одбор и Советот на општината.

		Во прашалникот за наставници со исказот: „Запознаен/а како се троши буџетот на училиштето“, 9 испитаници - наставници или 36% целосно се согласуваат, 12 или 48% се согласуваат, 1 наставник или 4% не се согласува, а 3 наставника или 12% се изјасниле со „Не знам/немам информација“. 53. 4.9. Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето Целосно се согласувам 9 Се согласувам 12 Не се согласувам 1 Целосно не се согласувам 0 Не знам/немам информација 3 

Анализа на резултатите од анкетите за наставници, ученици и родители

Врз основа на собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и интервјуто со директорот и стручните соработници, добиени се следниве резултати:

Во **индикаторот Управување со училиштето** - со исказот: „Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки“ 13 испитаници - родители или 52% целосно се согласуваат, 7 или 28% се согласуваат, 1 родител или 4% не се согласува, 1 родител или 4% целосно не се согласува, а 1 родител или 4% се изјаснил со „Не знам/немам информација“.

Во **индикаторот Раководење со училиштето** - со исказот: „Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите“, 18 испитаници - наставници или 72% целосно се согласуваат, 7 или 28% се согласуваат.

Во **индикаторот Управување и раководење со ресурсите** - добиените резултати укажуваат дека училиштето планира и реализира одлично раководење со ресурсите. Со исказот: „Училишната библиотека е достапна за сите ученици“, 15 испитаници - родители или 60% целосно се согласуваат, 6 или 24% се согласуваат, 3 родители или 12% не се согласуваат, а 1 родител или 4% се изјаснил со „Не знам/немам информација“.

Во **индикаторот Раководење со кадарот, следење и унапредување на наставниот процес** – со исказот:

„Директорот и стручните соработници сладат најмалку два мои наставни часа во текот на едно полугодие“, 17 испитаници - наставници или 68% целосно се согласуваат, 7 или 28% се согласуваат, а 1 наставник или 4% не се согласува.

Во **индикаторот Процедури за креирање на училишна политика** - со исказот: „Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите“, 18 испитаници - наставници или 72% целосно се согласуваат и 7 или 28% се согласуваат.

Во **индикаторот Резултати од развојното планирање** - со исказот: „Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период“, 9 испитаници - ученици или 36% целосно се согласуваат, 11 или 44% се согласуваат, 2 ученика или 8% не се согласуваат, а 3 ученика или 12% се изјасниле со „Не знам/немам инфор.“.

Со исказот: „Информиран/а сум со резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање“, 14 испитаници - наставници или 56% целосно се согласуваат, 10 или 40% се согласуваат, а 1 наставник или 4% се изјаснил со „Не знам/немам информација“.

Во **индикаторот Планирање и управување со училишниот буџет** - во прашалникот за наставници, со исказот: „Запознаен/а како се троши буџетот на училиштето“, 9 испитаници - наставници или 36% целосно се согласуваат, 12 или 48% се согласуваат, 1 наставник или 4% не се согласува, а 3 наставника или 12% се изјасниле со „Не знам/немам информација“.

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики	
Опис/резиме на подрачјето	**Собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и интервјуто со директорот и стручните соработници не насочуваат кон донесување на следните заклучоци:** 1.Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор. Неговата работа се темели врз партнерски однос, а одлуките кои ги носи се јавни и транспарнетни. 2.Раководниот орган ја организира и координира целокупната работа во училиштето. 3.Раководниот орган има јасна мисија и визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.

	4.Управувањето и раководење со ресурсите е приоритет на училиштето со што успешно се задоволуваат потребите на сите субјекти вкучени во воспитно-образовниот процес (ученици, наставници, родители). 5.Училишната библиотеката води евиденција (во електронска форма) за издадените и вратените книги, учебници и друга литература. Истата е отворена за користење во текот на училишниот ден, а во согласност со распоредот на наставникот - библиотекар. 6.Раководењето / менаџирањето со наставниот кадар е на одлично ниво со што се гледа професионалната застапеност и кариерниот развој. 7.Следење и унапредување на наставниот процес го врши директорот и стручните соработници и за тоа даваат конструктивна повратна информација. 8.Процедурите за креирање на училишната политика се јасни и се прецизно дефинирани во училишните акти, а се фокусираат на подобрувањето на инфраструктурата, квалитетот на наставата, како и подобрувањето на постигањата на учениците. 9.Развојните цели се одраз на мисијата и визијата на училишето и сите се во функција на подобрување на севкупната работа на училиштето. 10.Планирање и управување со училишниот буџет е приоритет на директорот. Тој има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства и ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на истиот. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето.
Силни страни	➢ Училишниот одбор јавно и транспарентно ги носи своите одлуки. ➢ Раководниот орган донесува одлуки, успешно се раководи со промените во образовниот систем и спроведува позитивни промени во работењето на училиштето. ➢ Директорот на училиштето води грижа за целокупната организација и реализација на воспитно-образовна работа во училиштето. ➢ Управувањето со ресурси е на задволително ниво со што се задоволени потребите и на

	учениците и на наставниците. ➢ Училишната библиотека (ЦОУ Тополчани и во ППУ с.Старо Лагово) е отворена и достапна за користење. ➢ Директорот има професионален однос кон работата кој е заснован на најнови знаења, вештини и тимска работа. Тој го мотивира и подржува професионалниот развој на наставниците и учениците. ➢ Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес согласно развојната програма. ➢ Училиштето обезбедува поддршка за професионален развој на вработените. ➢ Во училиштето постои план за следење и евалуација на реализацијата на активностите. ➢ Раководството на училиштето во склоп на материјалните можности ги поддржува учениците и наставниците во нивните постигања, ги наградува, ги пофалува и се грижи за нивното здравје. ➢ Управувањето со училишниот буџет е јавно и транспарентно.
Слаби страни	➢ Има потреба од смарт табли со софтвер за потребите на новите програми за новата концепција. ➢ Има потреба од набавка од нагледни средства по наставни предмети. ➢ Потреба од подобрување на интеракцијата меѓу наставниците и учениците преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија. ➢ Континуиран професионален развој на наставниците преку обуки за работа со ученици. ➢ Има потреба од изградба на централно загревање на училишната зграда во ЦОУ Круме Волнароски - Тополчани.

	➢ Има потреба од изградба на централно загревање на училишната зграда во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово.
Приоритети	➢ Набавка на смарт табли со софтвер за потребите на новата концепција. ➢ Набавка на нагледни средства по наставни предмети како во одделенска така и во предметна настава. ➢ Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија. ➢ Обуки за наставници кои ќе допринесат зајакнување на професионалните компетенции од областа на работа со ученици. ➢ Изградба на централно загревање на училишната зграда во ЦОУ Круме Волнароски - Тополчани. ➢ Изградба на централно загревање на училишната зграда во ППУ Круме Волнароски-с.Старо Лагово.